**Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје**
**СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС: СТУДИИ НА ПОЛИТИКИ**

**Магистерска теза**

# Политичката култура и културната политика во Македонија и во регионот

**Кандидатка:** **Анета Стефковска**

**Ментор:** **Проф. Д-р Маја Мухиќ**

**Скопје, 2022 год.**

## Institute for Social Sciences and Humanities-Skopje

## Second cycle studies: Policy studies

## Master's Thesis

# Political culture and cultural policy in Macedonia and the region

**Candidate:**

**Aneta Stefkovska**

**Supervisor:**

**Prof. D-r Maja Muhik**

Skopje, 2022

Овој труд претставува дел од барањата на програмата на втор циклус универзитетски студии на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, за стекнување научен степен Магистер по студии на политики

Кандидат(ка):

Анета Стефковска

Комисија за оценка и одбрана:

1. Проф. д-р Маја Мухиќ
2. Проф. д-р Катерина Колозова
3. Проф. д-р Ана Блажева

КРАТКА СОДРЖИНА


1. Увод.....................................................................................7
2. Поим за политичка култура…………………………………………9
3. Дефинирање на поимот на политичката култура..........................11
4. Историја и современа состојба......................................................14
5. Белези на политичката култура.....................................................16
6. Субјекти и фактори за создавање на политичката култура...........17
7. Создавање и еволуција на политичката култура...........................19
8. Структура на политичката култура...............................................20
9. Политичките сознанија и вредности.............................................20
10. Политичка традиција, норми и модели на политичко поведени.23
11. Функции на политичката култура.................................................25
12. Типологија на политичката култура.............................................26
13. Елитистичка политичка култура..................................................30
14. Глобална политичка култура........................................................32
15. Политичка социјализација и субјекти на политичката култура..33
16. Политичка филозофија на конзервативизмот и либерализмот....37
17. Политичката култура: Рамка за идно истражување......................43
18. Политички повикувања на културата...........................................47
19. Димензии на политичката култура...............................................48
20. Културниот идентитет како основа на културната политика......50
21. Културниот идентитет и културната политика како фактор за европската интеграција..................................................................56
22. Европа во контекст на културните идентитети и политики.........57

23. Контекст и параметри на културната политика............................63
24. Културата како посредник помеѓу жената и политиката.............71
25. Политичката култура на граѓаните во Република Македонија....74
26. Политички цели на културната политика.....................................79
27. Заклучок...........................................................................................84
28. Работна библиографија...................................................................85

На моите родители Драги и Оливера

Ви благодарам од сесрце за безрезервната поддршка.

Тоа за мене е скапоцен дар.

Клучни зборови: политичка култура, политички систем, политичко поведение, политичка социјализација, политичка филозофија, културен идентитет, културна политика.

# УВОД

Креирањето на културната политика претставува многу сложен процес. Со самото проучување на тоа, како луѓето ја доживуваат политиката на својата земја означува проучување на политичката култура. Поимот на политичката култура подразбира како граѓаните го доживуваат политичкиот систем во целина и суштината на функционирањето и значењето на поединечните институции на политичкиот систем. Како составни елементи на политичката култура се јавуваат: уверувањата, чувствата како и мислењата на граѓаните кои се однесуваат за нивниот облик на власта. Терминот политичка култура се појавува во 18 век, но теоријата за политичката култура се појавува подоцна, односно во 80-тите години на 20 век. Во средината на 20 век се појавуваат нови политички категории како што се: политичка култура, политичко поведение и политичка социјализација.

Во истражувањата на политичката култура акцентот бил ставен најпрво на спроведувањето на политичките култури на различните режими и различните држави.

Политичката култура може да биде сфатена низ севкупноста на своите појавни облици, како и збир на политичкото поведение и политичкото сознание на сите луѓе во определена заедница што значи дека таа не може да се сведе на поединечно спознавање. Во политичката култура главната карактеристика се состои во тоа што таа претставува комплекс на претстави на таа или онаа

национална и социјално-политичка општос за светот на политиката, за целиот политички живот и за законите и правилата на нивното функционирање. Политичката култура во себе ги вклучува сите оние елементи кои се сврзани со општествено-политичките институции и процеси кои влијаат на формирањето, функционирањето и развојот на формите на овие институции кои му даваат насока и значење на политичкиот процес во целина на поведението на широките народни маси од населението.

Политикологот Лисијен Пај, забележал дека во секој општествено-политички систем постои организациона, субјективна сфера на политиката, која им дава значење на политиката, дисциплината на институциите и социјалната содржина на индивидуалните дејствија.

Политичката култура нуди раководни принципи на политичко поведение, на политичките норми и идеали кои обезбедуваат единство и взаемна поврзаност на институциите и организациите, придавајќи и притоа целовитост и интегрираност на политичката сфера, слично како што општонационалната култура му придава целосност и интегративност на општествениот живот во целина.

При создавачкиот процес на политичката култура, неизбежни и природни се многубројните противречности меѓу убедувањата на постапките на граѓанинот, неговите идеали и конкретните постапки на политичкото однесување, меѓу неговата мисловна ориентација и практичното дејствување. Иако има различни сфаќања на политичката култура, тие во себе носат нешто заедничко, а тоа е ставот дека политичката култура е свртена кон проучување на субјективниот контекст на политиката.

# ПОИМ ЗА ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА

Поимот на политичката култура подразбира како граѓаните го доживуваат политичкиот систем во целина како и суштината на функционирањето и значењето на поединечните институции на политичкиот систем. Според тоа, составни елементи на политичката култура се: уверувањата, чувствата и мислата на граѓаните за нивниот облик на власт. Самиот термин "политичка култура" се појавува во 18 век, иако теоријата за политичка култура се појавува многу подоцна, поточно во осумдесеттите години на 20 век. Преку направените политички истражувања на политичката култура најпрво акцентот бил ставен на спроведувањето на политичките култури на различни режими и различни држави. Политичката култура единствено може да биде сфатена низ севкупноста на сите појавни облици, како и збир на политичкото поведение и политичкото спознание на сите луѓе во определена заедница што значи дека таа не може да се сведе на поединечно спознавање. Терминот "политичка култура" за прв пат го употребил германскиот философ И. Гердер во 1979 година во своето дело со наслов "Политичка култура и советската политика". Кон крајот на 19-тиот и почетокот на 20 век, оваа категорија активно е користена во политичките истражувања од страна на различните научни школи, како и во марксизмот. Во средината на 20 век, на политичката наука и станало јасно дека само политички институционализираните и социјално-економските фактори не се доволни за објаснувањето на условите за настанок и развиток на различните политички системи. Нивните одговори не биле задоволителни, за следниве прашања: Зошто во основа идентични по облик социјалнополитички институции даваат различни резултати, односно различно дејствуваат во одделните држави? Во што се крие довербата или недовербата на масите спрема власта? Поинаку кажано, станала јасна и видлива ограниченоста и на институционалниот пристап во објаснувањата на политичкиот феномен поради

што и се наметнала неопходноста да се напуштат рамките на чисто нормативниот, формално-правниот пристап во објаснувањето на политиката. Овој факт бил наречен "криза на институционализмот" на што било одговорено со поставувањето на прашањето "за човечката мерка во политиката". Поимот "политичка култура" ја открива дополнителната како и најсложената карактеристика и однос на субјективната страна на политиката, односно категориите на политичкото сознание, идеологијата, психологијата и сл. Тоа допридонесува до коренити промени во претставата за волјата на човекот во политичкиот свет. Социјалната дејсвителност веќе почнува да се осмислува на многу повисоко ниво. Се појавуваат нови политички категории: политичко поведение, политичка култура, политичка социјализација. Како што поминувало времето, во теоретската интерпретација на политичката култура започнуваат да се појавуваат и различни пристапи. На самиот почеток, најголемо значење им се придавало на психолошките аргументации кои политичката култура ја сфаќале како целокупност од вредности, мислења, обичаи и традиција. С. Верб политичката култура ја сфаќал како елемент на политичкиот систем кој ја обезбедува "субјективната ориентација во политиката" поради тоа што во себе го вклучува системот на "емпириските симболи и вредности" (Политикологија, 2009, стр. 263).

Американскиот политиколог Лисијен Пај, дошол до сознание дека во секој општествено-политички систем постоела организациона, субјективна сфера на политиката, која што им давала значење на политиката, дисциплината на институтите и социјалната содржина на индивидуалните дејствија.

Во самиот процес на создавањето на политичката култура, неминовни и природни се многубројни противречности меѓу убедувањата на постапките на граѓанинот, неговите идеали и конкретните постапки на политичкото однесување, меѓу неговата мисловна ориентација и практичното дејствување.

Иако постојат различни поимања на политичката култура, тие во себе имаат нешто што им е заедничко, а тоа е ставот дека политичката култура е свртена кон проучувањето на субјективниот контекст на политиката.

## ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМОТ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

Во современата политичка теорија, политичката култура зазема централно место, а овој поим се употребува општо и многу често со што можеме да тврдиме дека политичката култура станала еден реторички пасош со своите атрибути на една културна мода. Според Лисијен Пај: "Политичката култура е збир на ставови и сентименти кои ја даваат смислата и значењето на политичкиот процес кои претставуваат основна претпоставка и правило кое го детерминира однесувањето во политичкиот систем" (Политички систем, 2010, стр. 107).

Тука, истовремено политичката култура ги преклопува политичките идеали и политичките оперативни норми. Воедно политичката култура истовремено претставува и продукт на колективната историја на политичкиот систем и животна историја на сите кои се наоѓаат во тој систем. Исто така, таа е втемелена во јавните случувања, како и во приватното искуство.

Според политикологот Габриел Алмонд, политичката култура ја сочинуваат мрежа на ориентации спрема политичкиот систем и политичкото однесување на припадниците на тој политички систем. Политичката култура ја сочинуваат трајни обрасци кои се усогласуваат и подржуваат меѓусебно. Иако знаеме дека секоја генерација индивидуи со посредство на процесот на политичката социјализација на различен начин ја прифаќаат политичката култура а со тоа

доаѓа и до менување во некои периоди, но најважно од се е тоа што политичката култура си ја задржува трајноста и влијанието на политичкиот живот. За политичката култура, Алмнод зборува како за мрежа на когнитивни, афективни и вредносни ориентации на припадниците на општествената заедница кои се насочени кон политичкиот систем во целина.

Дефинирањето на политичката култура според Синди Верба е како елемент на политичкиот систем кој ја обезбедува субјективната ориентација во политиката при што во себе го вклучува системот на емпириското убедување, експертивните симболи и вредности.

Интересна е концепцијата на Р. Мрежа  Дал, според кој политичката култура  е определена како мрежа од политички ориентации чија важна компонента се:

а). ориентации кон политичкиот систем - поданички, апатични или негативни;

б). ориентации спрема другите луѓе - доверба или недоверба;

ц). ориентации кон колективна акција - кооперативност или самодоволност;

д). ориентации кон решавање на проблемите - прагматични или рационалистички;

Од нашите автори од големо значење е да се напомене и дефиницијата на професорот Димитар Бајалџиев според кој политичката култура можеме да ја дефинираме на следниов начин: “Специфична условеност на вредносните погледи на човекот за политичките појави и отелотворување на практичниот кодекс на неговото однесување, човеков стил на однесување, како субјект на политичката власт” (Политички систем, 2010, стр. 108).

Политичката култура според местото што го зазема помеѓу другите социјални и политички феномени ја определува сложеноста на анализата на научната

литература и поради тоа доаѓа до мислење дека различните определби на политичката култура условно може да се групираат во четири групи:

- Психологични според кои политичката култура претставува систем од ориентации кон политичките објекти.
- Сеопфатни кои во политичката култура не само политичките ориентации туку ги вклучуваат и јавните и прикриени поведенија на индивидуите.
- Објективни во кои политичката култура е претставена како стандардно сфаќање на приемчивото однесување на учесниците во политичките системи и
- Евристички според кои политичката култура се разгледува како хипотетичка конструкција за аналитички цели – хипотезата на Алмонд и Верба за детерминација помеѓу политичката култура и политичкиот систем.

Од различните сфаќања на содржината на политичката содржина и обидите за нејзиното определување можеме да дојдеме до следниве заклучоци:

- Политичката култура е конкретна историска и развојна појава. Таа е поврзана локално со историскиот развој на секое општество, но истовремено претставува и сеопфатна проекција на современоста.
- Политичката култура претставува многу сложена и функционална појава сообразно сврзана помеѓу културата и политиката како и помеѓу микро и макро политиката.
- Со анализа на политичката култура од голема важност е да се напомене нејзината врска со политичкиот систем и политичката власт. Преку оваа врска се одразува двостраната детерминација помеѓу политичката култура и политичкиот систем.
- Составни елементи на политичката култура се: поглед на светот, убедувањата, ориентациите и односот кон политичкиот систем.

## ИСТОРИЈА И СОВРЕМЕНА СОСТОЈБА

Очигледен е фактот дека политичката култура, како предмет на научно интересирање е од поново време. Но, тоа не значи дека и научниците од древната епоха не обрнувале внимание на прашањето за ролјата на човекот во политичките процеси. Пример за тоа, сретнуваме уште кај античките мислители кои настојувале за поимањето и објаснувањето на прашањето зошто луѓето кои биле воспитани во различни традиции и кои имале различно социјално и политичко искуство различно реагирале во дадени состојби, односно зошто во исти или приближно исти услови идентични институции давале различни резултати. Аристотел пишувал за "состојбата на умот" кој има придонес за политичка стабилност или за револуција. Ж. Жак Русо ги поимал моралот, традицијата и јавното мислење како посебни квалитети, како посебен закон, многу позначаен од обичниот закон. Треба да се напомене дека интересни идеи и мисли кои што се однесуваат на политичката култура можеме да ги сретнеме и кај многу други научници, кои се надвор од сферата на политикологијата и правнополитичките науки. За надминувањето на кризата на институционализмот се прави врз основа на истражувањата и искуствата од областа на психолошката наука. Психологијата настаната во 19 век, прави обид за создавање теорија за национален карактер, со чија помош ќе се определи зошто Американецот себеси се определува како таков, Германецот како Германец итн. Најопшто, за создавањето на концепцијата за политичката култура учествувале голем број на научници од поголем број на земји во светот, претставници на различни школи и правци во политичката наука.

Систематското користење на поимот "политичка култура" како категорија во политичката наука и науката за општеството, доведува до сознание дека барем

засега е можно да се зборува за околу 40 различни политички култури, кои се разликуваат една од друга по низа различни специфичности.

Неопходно е поимот политичка култура да се разгледува и како дел од општонационалната култура. Таа има нагласено влијание врз обликувањето на системот на политичките убедувања и политичката култура како целост. Меѓутоа, нема совпаѓање меѓу општонационалната и политичката култура. Политичката култура има директно влијание врз политиката, политичкиот систем, на сите негови рамништа, како и врз политичкото однесување и активноста околу донесувањето политички решенија. Односно, сите појави што се однесуваат на политиката, се појавуваат и во сферата на функционирањето на политичката култура. За нејзиното изучување, суштински придонес дале американските научници Х. Алмонд и С. Вебер. Тие ја определиле политичката култура како “посебен модел на ориентација на политичките објекти”. Според нивните следбеници сите ориентации биле поделени на три основни групи: когнитивни или спознајни (знаења, познавање на политичките објекти), афективни (емоции и чувства во однос на политичките објекти), вредносни (просудување и оценување на политичките објекти). Како објект на ориентација служи политичкиот систем како целост или пак одделни негови елементи (влада, политичка партија, други структури на политичкиот систем). Во современата литература пристапот на политичката култура ја вклучува целокупната сфера на политичкиот живот во општеството.

Политичката култура претставува систем од историски создадени, сразмерно трајни установи, убедувања, претстави, модели на однесување, пројавени во непосредната дејност на субјектите на политичкиот процес. Таа е метод (начин, средство) на дејствување на луѓето врз основа на определени вредности, убедувања, претстави.

## БЕЛЕЗИ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

Политичката култура е насочена кон изучување на субјективниот контекст на политиката. За разлика од политичкото спознание што ја одразува целокупноста на политиката како духовна творба, политичката култура е поврзана само со сразмерно трајните и од аспект на само човековите значајни погледи и вредности.

Политичко-културните претстави како вредности, се променливи, доколку имаат смисла за самиот него, во состав се на неговиот поглед на светот и доколку за него претставуваат општа идејна основа за неговата граѓанска ориентација и за неговите постапки. Централното место го зазема проценителното расудување на самиот човек низ што се искажуваат неговиот индивидуално-субјективен однос спрема појавите, политиката и власта.

Според тоа, диференцијата на вредносните односи на човекот е значајна карактеристика за структурата на политичката култура.

За културата, идејните вредносни погледи, самите по себе не се толку многу значајни колку како “работни”, односно како олицетворение на животните претстави. Секој културен пристап кон политичките појави ги демонстрираат како целите и принципите, нормите, државата, науката итн. “растворувајќи” се во специфичен политички квалитет на човекот, односно изчезнувајќи, асимилирајќи се во неговите вообичаени, секојдневни мисловни и практични активности пројавени во односите спрема државата и власта. Кратко кажано, политичката култура е специфична условеност на вредносните погледи на човекот за политичките појави и отелотворувањето на практичниот кодекс за неговото однесување, човеков стил на однесување како субјект на политичката

власт. Посебно внимание во политичката култура, му се посветува на постоењето и прифаќањето на политичкото искуство и на традицијата со чија помош се обезбедува наследноста, односно сукцесивноста во политичкиот живот. Изворите на политичката култура се внатре во човекот. А се создаваат преку макотрпното, па и прилично нелогично барање на личноста на сопствените граѓански позиции и ориентации, постепено филтрирање на погледите и расудувањата, низ постепено апсорбирање и зацврстување на едни или други облици на сопствено политичко учество во државно-правните работи.

Самиот човек, како одраз на неговата припадност на социјална (национална) група, продуцира не само разновидни методи на политичко мислење и однесување, туку стекнува и својства поврзани со ролјите кои ги има во општеството. На пр. човекот може да поприми политичко-културни својства на “агитатор”, на “администратор”, на “теоретичар” низ кои на соодветен начин се искажуваат неговите способности.

## СУБЈЕКТИ И ФАКТОРИ ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

Во составот на политичката култура се присутни разни субјекти, како од политичка, така и од неполитичка природа. Во нејзиниот состав влијание имаат револуцијата, војната, заострената тековна социјална и политичка конфронтација во општеството, карактерот на меѓународните односи, надворешната загрозеност на државата, динамиката на културните процеси и многу други фактори. Како политички субјекти се јавуваат: државата, политичките партии, средствата за масовно информирање. Додека пак како

неполитички субјекти се вбројуваат: семејството, училиштето, црквата, општествените организации, деловните кругови, културната елита на општеството.

Преку законодавниот и извршните органи на власт, државата својата дејност ја извршува преку донесување и извршување на правно-политички акти, со тоа што таа истовремено ги определува најзначајните параметри на политичката култура. Државата е таа што ги создава и ги зацврстува националните и политичките симболи (знамето, грбот, химната и сл.). Односно, таа го определува моделот на политичко поведение, определува еден или друг тип на “херои” или “предавници” на државите или националните интереси. При создавањето на политичката култура, особено значајно е и присуството на политичките партии. Покрај државата, тие како претставници на политичките интереси на граѓаните спрема власта, кај граѓаните предизвикуваат чувство за однос кон партијата како и кон партискиот систем. Кај неполитичките субјекти во создавањето на политичката култура, треба особено да се напоменат општествените организации и црквата. Тие активно се вклучени и во политичкиот живот, и во создавањето на основните модели за политичко однесување, односно политичко спознание на граѓаните. На пр. црквата, како посебен авторитет за верниците, влијае врз овој процес со самиот факт што прифаќа едно определено поведение, а занемарува друго. Таа улога особено е нагласена во теократските држави (на пр. Иран). Во поново време, со создавањето на политичката култура, се поголема и позначајна улога имаат средствата за масовно информирање. Според тоа, не е ни случајно што средствата за масовно информирање се почесто се нарекувале “четврта власт”. И академската структура (научно-техничката интелигенција) претставува важен субјект во создавањето на политичката култура. Нејзиното влијание е видливо уште во подготвувањето на политичкиот кадар, каде голем број политичари се

стекнуваат со соодветно образование, како и во случаи на регрутирање на луѓе од академските средини кои се на високи политички функции.

Забележително е и активното учество на интелигенцијата. При создавањето на политичката култура особена улога има и јазикот, кој се појавува, не само како културно средство кое служи за комникација на човекот, туку и како фактор кој е блиску поврзан со политичкиот живот на општетвото. Според тоа, може да дојдеме до заклучок дека јазикот во политиката може да искажува информации, односно да истапува како средство за манипулација со општественото спознание, како средство за создавање на ред и поредок во општеството.

Значајна улога во создавањето на политичката култура игра и политичката симболика. Од пред многу време е забележано дека единството на секоја култура се темели на општиот јазик, како и на нејзините симболи. Самиот народ е тој што ги создава и почитува сопствените национално-државни симболи кои играат важна улога во процесот на патриотското воспитување и самоидентификацијата на личноста со својата држава и нација.

## СОЗДАВАЊЕ И ЕВОЛУЦИЈА НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

Особено важно, што треба да се спомне е дека политичката култура секогаш се создава во конкретни историски услови. Има свои “биоритми”, односно е определен не само од социјалните, економските и политичките циклуси, туку и од смената на поколенијата. Ако погледнеме пошироко врз процесот на создавање на политичката култура, ќе забележиме дека трансформацијата на политичката култура во општеството, повеќе или помалку, нерамномерно протекува во зависност од рамномерноста или нерамномерноста на еволуцијата.

Радикалните промени кои настанале, се јавуваат како последица од суштинските промени во општеството-политичките односи, поврзани со социјалните револуции и контрареволуции. Тие доведуваат до распад на старите претстави, убедувања, идеали, модели на поведение итн.

## СТРУКТУРА НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

Ако се анализира структурата на политичката култура тогаш тоа значи да се разоткријат нејзините основни и составни елементи во нејзината субординација и координација. Во нејзината структура се наоѓаат следниве елементи:

- Политички сознанија и вредности
- Политичка традиција, норми и модели на политичко поведение.

## ПОЛИТИЧКИ СОЗНАНИЈА И ВРЕДНОСТИ

Важен елемент во структурата на политичката култура се политичките сознанија, бидејќи преку нив се градат политичките оценки, ориентации и позиции на личноста. Политичкото сознание претполага пред се теоретски, но вклучувјќи и практични сознанија за суштината, спецификата, местото и улогата на политиката, сознанија кои се однесуваат за закономерностите и механизми за нејзиното функционирање и развој. Според тоа, може да се зборува за различни нивоа на политичко сознание и тоа:

1. Претстави – за конкретни факти и појави при дејствувањето. Тие го претставуваат најелементарното ниво на политичкото сознание. За претставите можеме да кажеме дека тие се однесуваат на тоа кои се надлежностите на државата (пример за тоа е дека државата е таа што одлучува за економијата, образованието, здравството итн.), кои се органите што ги вршат надлежностите и кои надлежности ги имаат тие (таков пример е дека постои претседател на државата, пример, собранието со тоа што некои од нив донесуваат одлуки, а некои пак ги спроведуваат итн.), кои се формите на непосредно влијание на граѓаните, како што се референдумот, собирот на граѓани, итн.

2. Мислења – претставуваат единство на сознанија и оценки за појавите. Тие значат однос према промените, поточно значи ако при наредните избори победи една партија или една личност, со помош на мислењето, анализирајќи ги при тоа нивните заложби, и знаејќи го значењето на секоја заложба, ќе стигнеме до тоа какви промени ќе настанат во системот – позитивни или негативни, развојни или ретроградни.

3. Идеите, кои се појавуваат непосредно од спознанието на дејствувањето, но во себе освен што вклучуваат теоретско спознавање на објектот, исто така и практична цел за неговата промена во содејство со определена идеална форма. Политичките идеи претставуваат определен степен и нов начин на организација на политичките сознанија. Тие не само што не го содржат сознанието (информациите) на политиката, за политичките објекти, туку ја содржат и самата оценка за политичките појави (политичката реалност) која е мотивирана од основниот интерес на субјектот-носителот на сопствените идеи и идејата за тоа што треба да се промени за да се подобри функционирањето на системот. Што значи дека политичките идеи во себе носат евристично-прогностичен елемент, бидејќи секогаш ја даваат целосната проекција на идната промена на сопствениот објект во сопствениот политички вредносен систем. Исто така, треба да се напомене

дека политичките идеи на свој начин содржат и во себе го снимаат знаењето, оцената, вредноста, како и интересот на нивната цел. Како пример за ова, можеме да го наведеме е кога граѓаните (или пак само дел од нив) доаѓа до заклучок дека државата е таа што ги гуши со својата преголема нормираност, па имаат замисла или идеја дека таа треба да ги регулира глобалните односи, а деталите да им ги препушти на останатите субјекти, како што се во економијата претпријатијата.

Политичката идеологија претставена како систем на сфаќања и идеи ги содржи сите предходно наведени карактеристики, но само во еден поширок содржински контекст. Во политичката идеологија се одразени, оценети и преоценети, политичките однесувања, политичките системи и неговите правила и принципи, политичката симулација, вклучувајќи ги и целите на политичката дејност насочени кон создавање, уништување или изменување и развој на политичкиот систем.

Ако збориме за значењето на политичкото сознание во системот на политичката култура тоа е очигледно. Политичката култура не е само прост збир на сознанија и информации за политиката, туку претставува карактеристика на нивото на нејзиниот развиток и степенот на систематизација и осмислување. Следен елемент во структурата на политичката култура се вредностите. Најопштото сфаќање на поимот вредност е тоа што ги отелотворува определените потреби. Вредноста е елемент на вклученост и соодност на човекот кон светот. Вредностите можат да бидат природни, естетски, социјални, политички и др. Логички гледано, вредностите на политичката култура се исто така и социјално определени. Па така, секоја група, класа, нација, создава свој вредносен систем кој ги отелотворува нејзините социјално мотивирани потреби при учество во политичките процеси. Во таа смисла, за вредностите може да се зборува за вредности на политичката култура на разни нивоа, и тоа на: ниво на цивилизација, национално, класно, групно, на ниво на

управувачките политички елити на управувачи и управување. Кратко кажано, вредноста е да се учествува или да се партиципира во политичките процеси, да се почитува власта, итн.

Политичкиот идеал - зазема важно место во политичката аксиологија и во системот на политичката култура. Тој е сроден и со политичките вредности и со политичките идеи и е дел од секоја политичка идеологија. Идеалот претставува форма на соодноc на човекот кон светот. Интересно е тоа што, самиот идеал се претвара во вредност од највисок поредок. Тој во себе може да содржи и определени страни на настојување и да се сврти кон минатото, но по правило секогаш е насочен кон иднината. Тоа допридонесува да биде долговечен и привлечен. Исто така, идеал може да биде и демократијата, слободата, еднаквоста, патриотизмот, итн.

## ПОЛИТИЧКА ТРАДИЦИЈА, НОРМИ И МОДЕЛИ НА ПОЛИТИЧКО ПОВЕДЕНИЕ

Под политичка традиција не се подразбираат само големите политички и колективни случувања и процеси во минатото, не само големите достигнувања и искуства од политичка природа кои трајно се паметат во "колективната меморија на народот" и кои се мозаички елементи на она што може да се нарече "модел" типичен за поединечни политички култури, туку и сите оние пошироки случувања кои посредно или непосредно имаат големо значење за заедничката егзистенција и самосвест и кои имаат значење за идентитетот на поединечните народи (Политички систем, 2010, стр. 113).

Политичката традиција во суштина претставува систем од историски елементи на однесување, повторувајќи се и предавајќи се од поколение на поколение. Традицијата, ако ја погледаме од содржинска гледна точка, таа претставува целокупност од основните вредности на конкретниот историски тип на политички систем, кој што се трансформира во нова форма на политичка социјалност. Таа се формира и се појавува како на емпириско чувство, така и на апстракно теориско ниво на општественото сознание и е повлијателна од различни фактори (економски, политички, идеолошки, религиозни и геополитички). Како пример за Македонија, може да наведеме дека во предходниот период на социјализмот, егалитарноста меѓу групите и социјалната сигурност биле високи вредности на системот. Како резултат на таа политичка традиција, за многу луѓе, овие две вредности се ценат и до ден денес, се одразуваат и во регулативата и во однесувањето.

Општо познати правила на политичката култура се нормите, модели на поведение во политичкиот процес и налагаат како може и како треба да се постапува во политиката. Тие имаат улога на основен регулативен механизам во политичкиот процес. Пример за сето тоа наоѓаме во сфаќањето дека системот може да функционира ако ние гласаме на изборите; потоа, системот може да фунционира ако ние ги почитуваме изборните резултати, што значи дека ако партијата која ја изгубила власта да се повлече од неа на достоинствен начин, без да предизвикува политички и воени немири, итн.

## ФУНКЦИИ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

Политичката култура има определени функции кои се приврзани со нејзиниот двоен карактер, односно со својството на припадност на светот на културата и во светот на политиката, според тоа специфичноста на нејзините функции се сведуваат на неколку функции:

а). Развојна функција, каде политичката култура може да го поттикнува развојот во еден политички систем, а од друга страна пак, може и да го гуши развојот на тој политички систем. Ако луѓето се свесни дека треба да бидат активни во политичкиот систем, односно да се залагаат за промени и да се спротивставуваат на одлуките на власта, тогаш власта под нивниот притисок би го рационализирала своето одлучување и дејствување а со тоа и би остварила и поголем општествен развој.

б). Стабилизирачка функција, при што позитивната политичка култура која со генерации придонесува за стабилноста на еден политички систем. Политичката култура која се базира на позитивниот однос кон вредностите на политичкиот систем, базиран на јасни правила на игра кои се прифатени и од елитите и од мнозинството на граѓаните, ќе настојува радикално да ги менува политичките состојби и односи. Односно, ако граѓаните веруваат дека изборите се мерило за покажаните резултати на партиите, и дисциплинирано си гласаат, и доколку за елитите се прифатливи изборните резултати, тогаш тој и таков каков што е систем нема да биде подложен на брзи и радикални промени, со тоа си го обезбедува својот политички континуитет. Политичката култура која е базирана на такви уверувања влијае на стабилноста на политичкиот систем.

в). Репродуктивна функција на определен систем на општествени односи. Ако граѓаните мислат дека нивниот политички систем е функционален, односно им носи економски просперитет и лична безбедност, тогаш тие во нивната свест

наоѓаат мотиви за неговото опстојување, а со тоа системот се репродуцира и во наредниот период.

г). Интегративна функција - политичката култура е особено значајна за освојувањето на целината на општеството, но и на групите (социјални, етнички, религиозни и др.). На пример, може да се создаде идентично мислење за различни слоеви, богати и сиромашни, дека државата мора да го зачува и развива националниот идентитет, и во тој случај сите слоеви се подготвени да ја подржуваат политиката на државата, што значи, тој став, сврзан за функционирање на определени институции на политичкиот систем може да ги обедини различните слоеви (Политички систем, 2010, стр. 109-110).

## ТИПОЛОГИЈА НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

Изучувањето на основните типови на политичката култура зазема значајно место во современата политиколгија. Поимот политичка култура има влијание врз проучувањето на политичките појави, но до доаѓањето на вистинскиот развој, како и интегрирање на овој поим и до појава на трудови кои систематски го анализираат влијанието на политичката култура на политичкиот систем доаѓа во педесетите години на овој век. Во овој правец најголем придонес има дадено американскиот политиколог Г. Алмонд, тој разликува разни квалификации на политичката култура. Алмонд прави разлика помеѓу англоамериканската и континенталноевропската политичка култура. Во односот спрема политичкиот систем, Алмонд разликува три типа на политичка ориентација, односно три идеални типа на култура:

- Парохијална, каде луѓето се малку свесни или се несвесни за значењето на националниот политички систем и за неговите конкретни институции, односно тука приврзаноста и лојалноста кон политичкиот систем е заснована на афективните или емоционалните ставови отколку врз информативните содржини. Во рамките на оваа култура има верба во врвниот државен авторитет (крал, цар, било кој облик на државна власт), притоа не навлегувајќи во реалните резултати и успеси на нивното владеење, во смисла на тоа дека штом се тие на таа позиција, тие се грижат за народот, тие знаат што треба да прават, итн. Патријахалната култура е својствена за општествата во кои не постои политички систем кој е обликуван.
- Поданички, тука луѓето се свесни за нивното значење во политичкиот систем и на нивното влијание на донесените одлуки врз него, врз сопствениот живот и судбина, но притоа не се свесни за потребата и важноста на личното искуство во донесувањето на тие одлуки. Според тоа, во рамките на оваа политичка култура, луѓето можат да имаат знаење за тоа кои се компоненти на политичкиот систем, и какво е нивното функционирање, но не се свесни за тоа дека системот може да се промени ако тие се вклучат активно во тие промени. Поданичката култура се карактеризира со пасивни односи во политичкиот систем.
- Партиципативна (активистичка) политичка култура, тука учествуваат поединци во политичкиот живот и во процесот каде се носат политичките одлуки, односно постои развиена свест за можностите и каналите по пат на кои се обезбедува влијанието на општеството врз политичката власт (Политичка култура и политички односи, стр. 31-33).

На пр. граѓаните на Швајцарија знаат дека преку граѓанската иницијатива и референдумот тие можат да влијаат и да ги променат законите, па често така и постапуваат доколку чуствуваат незадоволство од прописите. Партиципативната (активистичка) култура, независно од позитивните или

негативните оценки на единката за политичкиот систем, претставува одраз на јасната ориентација на единката за активната улога во политичкиот систем.

Голем број на научници, сметаат дека многу е раширено и сфаќањето дека типот на политичка култура зависи од карактерот на политичкиот режим. Според ова сфаќање, може да се разликуваат: тоталитарна, авторитарна и демократска политичка култура , но и редица други преодни типови на политичка култура (Политички систем, 2010, стр. 115).

- Професорот Балајџиев, смета дека тоталитарната политичка култура се карактеризира со следниве обележја:

  а). Култот на власта каде таа се јавува како вредност од највисок ред.

  б). Сакрализација (боготворењето) на власта каде што во општеството се создаваат претстави за тоа дека власта може да направи се.

  в). Во општеството владее атмосфера на постојана револуционерна напнатост, чувство на опасност и неопходност од надминување на тешкотиите,

  г). Општеството не ја чувствува својата целосна отуѓеност од власта, туку, кај лидерите и во рамниште на сите институции е распострането чувството на единство и за нивна слеаност со власта и други карактеристики.

  Во политичката култура на тоталитаризмот, видлива е големата љубов кон власта и кон лидерот. Елитата во своето политичко однесување доминантни се мотивите на семоќ, а во поведението на општеството, типичност, скромност и ентузијазам. Ваков тип на култура продуцирале или биле некои фашистички режими, како што е германскиот за време

на Хитлер, некои социјалистички, особено тие од станилистичкиот тип, итн.

- Авторитарна политичка култура. Авторитарниот тип на политичката култура има суштински разлики од тоталитарниот. Во неа има отсуство на култот на власта, нејзината сакрализација , чуството на слеаност со власта. Како главна потпора на таквиот режим се јавува армијата. Што значи дека ја снемува љубовта кон власта како нејзина легитимациска основа. Елитата, во својата политичка активност е преокупирана со презентација за компетентност, а додека професионализмот и послушноста во општеството се главни карактеристики на овој тип на политичка култура.
- Демократски тип на политичка култура. Во оваа култура доминира отвореноста, активноста, приврзаноста за законите, чувство на одговорност. Тука власта се прифаќа како неопходен фактор за интеграција во општеството. Власта, од гледна точка на општеството, како професионална и стручна, на таквите потреби на граѓаните и на целото општество е должна да одговори со висок степен на ефикасност и квалитет на нивното остварување; таа, непосредно е отворена пред целата, општествена заедница. Кај овој тип на култура од голема важност се граѓанските права и лични слободи. Големо значење во демократската политичка култура, имаат факторите на политичко учество, слободните избори, толеранцијата, заштитата на правата на малцинствата, плурализмот во општественото мислење, јавноста. Во рамките на демократската политичка култура, во зависност од традицијата, социјално-политичките, националните и

економските особености итн., можат да се сретнат со многу разлики.

Треба да се напомене дека, постои и поделба на затворена и отворена политичка култура. Процесите на реформирањето на општествата, иако не може да се обезбеди да се инсистира на апсолутна синхронизација, се комплексни процеси, односно процеси кои треба да се одвиваат во сите сфери на општествениот живот. Таквите потфати можат да доведат до сериозни нарушувања на општествениот организам.

## ЕЛИТИСТИЧКА ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА

За влијанието на масовната политичка култура на политичката стабилност се водат широки расправии, но за важноста на елитистичката политичка култура ретко се споменува во тој контекст. Елитистичката политичка култура ја сочинуваат уверувањата, ставовите и размислите за политиката на оние кои се најблиску до центарот на политичката моќ (Политички систем, 2010, стр. 116).

Важни се три димензии, за оценка на влијанието на елитилистичката политичка култура на стабилност на политичкиот систем:

а). Верува ли елитата во своето право да владее,

б). Го прифаќа ли елитата поимот на национален интерес, одвоен од поединечните и групните амбиции и

в). Ги прифаќаат ли сите припадници на елитата воспоставените правила на игра, особено кога се работи за пренос на власта?

За долгорочната стабилност од голем интерес е политичката елита да го прифати националниот интерес и нејзиното дејствување да биде усогласено со толкувањето. Тука се поставува прашањето: Дали јавната служба се доживува како начин да се биде во служба на националниот интерес и на ништо друго? Некои национални бирократии, како пример тука може да се посочат тие на Франција, тие државата ја сметале како чувар на нацијата така што својата сопствена земја дури ја штителе и од “обичните политичари”.

Како најважна димензија на елитистичката политичка култура се смета односот на политичарите спрема правилата на игра. Има широки можности, но најчесто поставувано прашање е дали конкуренцијата помеѓу елитите е апсолутна и зашто како на пример во Северна Ирска “придобивките” за едната страна се сметале за “губиток” на другата страна (протестанти и католици). Во овој случај, очигледно е дека не постојат договорени правила на игра кои ќе ја ограничуваат политичката конкуренција. Последиците кои ќе настанат од односот во политичката игра се особено важни за нормалното функционирање на системот. За пример можеме да ја земеме американската афера Вотергејт, кога приврзаниците на претседателот Ричард Никсон зеле учество во противзаконски работи, со што упаднале во канцелариите на своите противници од Демократската партија, притоа прислушкувајќи им ги нивните телефони. Никсон, правилата на игра ги игнорирал се со цел неговите непријатели да “го добијат тоа што го заслужуваат”. Демократијата во која што помеѓу политичките елити егзистираат вакви сфаќања има ограничени изгледи за опстојување.

Елитите, кога ќе се однесуваат со почит кон секоја друга група и кога тие ќе бидат подготвени да се откажат од власта ако тоа правилата на

политичкото дејствување го налагаат во име на друга партија или елита, тогаш тоа влијае на јакнењето на стабилноста на демократијата.

## ГЛОБАЛНА ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА

Поголемиот број на расправии во политичката култура се занимаваат со внатрешната улога на државата, но таа традиција треба и понатаму да се дополнува. Од многуте аспекти на политиката и културата морала да се разгледува од глобална перспектива. Тврдењето на Ханингтон во 1996 година било дека културата ќе претставува доминантен извор на судири во 21 век. Од процесот на глобализацијата ќе бегаат националните култури. Ханингтон тврди дека ни претстои “судир на цивилизациите”, која е неискоренета поделба помеѓу културните граници (Политички систем, 2010, стр. 117).

Со самото јакнење на глобализацијата, интеракциите и искричењата помеѓу цивилизациите ќе се зајакнуваат, што воедно е и голема опасност за потенцијалните судири. Во војната на Југославија, Русија била таа што ја дала својата дипломатска подршка, односно застанала на страната на Србија, бидејќи имале културна блискост.

Ханингтон покажува сомнеж во прагматичните обиди на замена на цивилизациите. Тој тврди дека Австралија не може да се промени во азиска земја, бидејќи таа едноставно не е. Истиот проблем може да се види и кај Турција, која се обидува да стане членка на Европската Унија, но критичарите сметаат дека Турција не ја поседува европската култура.

Особено привлечна е анализата на Хантингтон, бидеќи се префрла од областа на политичката култура на меѓународните односи.

Дури и да ги отфрлиме констатациите на Хантингтон сепак постојат политички култури кои дејствуваат на регионално или на глобално рамниште.

При изградбата на регионалните институции во Азија помогнале културните контрасти, меѓу кои и желбата да се достигне и да се престигне Западот.

Тврдењето на Маркс било како што националната култура го одразува интересот на владејачките класи, така и глобализмот, односно глобалната култура го носи печатот на доминантните земји. Од тука глобалната култура не претставува празен од помеѓу цивилизациите, туку потврда на силата на водечките супер сили (Comparative Government and Politics, 1998, p. 117).

## ПОЛИТИЧКА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И СУБЈЕКТИ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

Со појавата на политичката социјализација, политичката култура се пренесува од колено на колено. Таа претставува универзален процес. Сите општества за да можат да опстојат тие мораат на своите членови да им го пренесат знаењето кое е потребно за одигрување на политичката улога од гласање на изборите до управувањето со земјата. Како најважен аспект на социјализацијата кој се појавува е дека таа се наоѓа во делот на неконтролиран процес. Според својата

природа таа служи за да се одржи статус-кво состојба, па поради тоа политичката култура станува стабилизирачка сила и главна препрека на планската промена.

Настанокот на поимот дошол според аналогијата на терминот “социјализација”, кој се појавил во социолошките науки, се со цел опишување на процесот на обликување на личноста под влијание на социјалната средина. Од тука, може да стане збор за универзални, социјални и политички институции, кои се вклучени во политичката социјализација на сите членови на општеството. Како такви општо значајни институции за политичка социјализација се појавуваат: семејството, системот на образование и воспитание, средствата за масовно информирање, државата, партиските и религиозни организации, но и оделни политички настани.

Дефиницијата според која можеме да ја дефинираме политичката социјализација е дека претставува процес со чија помош учиме за политиката, се стекнуваме со емоции, идентитет, умеење и информации. Одвивањето на социјализацијата е во рамките на разни институции, како: семејство, работно место, додека трае надобразбата и др. Како пример, можеме да го наведеме односот на децата спрема политиката кое влијае на нивното доживување на авторитетот дома и на училиште, како и она што родителите и наставниците им го кажуваат.

Од теоријата на приоритети дознаваме дека темелната политичка лојалност се обликува уште во младоста. Учењето во детството е “длабинско учење”, бидејќи претставува рамка за интерпретација на информациите кои ќе ги усвојат подоцна во животот. Во подоцнежното детство таа приврзаност почнува да се надополнува со зголемувањето на бројот на информации. Во адолосцентниот период како најважна задача на детето се јавува продлабочувањето на неговото концептуално разбирање и истовремено да се

надградат неговите веќе усвоени информации. Со фазите на социјализација, раното детство, касното детство и адолесценцијата се подготвуваат децата за нивната идна политичка партиципација во политичкиот живот на возрасните.

Но исто така и повозрасните членови секојдневно ги осознаваат промените во политичките состојби и односи, што значи дека и тие ја надоградуваат или ја променуваат својата политичка култура. Изградбата на политичката култура претставува перманентен процес кој никогаш не престанува, најинтезивен е кај помладиот дел од популацијата, но се одвива и кај повозрасните групи на севкупното население на една држава.

Разни фактори влијаат врз создавањето на политичката култура, меѓу кои посебно место заземаат: револуцијата, војната, внатрешните политички, социјални и економски конфронтации, карактерот на меѓународните односи, динамиката на културните процеси како целост и други фактори. Во обликувањето на политичката култура заземаат учество разни субјекти кои можат да бидат како од политичка, така и од неополитичка природа.

Своето влијание државата го врши преку законодавните и извршните органи на власта со донесување и извршување на правно-политички акти при што истовремено ги определува најважните параметри  на политичката култура. Државата е таа која ги создава државните симболи и го определува моделот на политичкото поведение. Државата единствено влијае на создавањето, преку дејствувањето на своите органи и пропагандниот апарат, односно државните медиуми (телевизија, радио, весници, пропагандни брошури, итн.) на политичката култура, во смисла на тоа што ги наметнува вредностите како демократија, послушност кон државата, идентификација со државата, еднаквост, нееднаквост, слобода, итн.

Политичките партии - се претставници на интересите на граѓаните, тие создаваат колективно чувство кај граѓаните за односот кон партијата и кон

партискиот систем воопшто. Тие преку своите медиуми или партиски кружоци ги пропагираат своите политички вредности, кои можат да бидат слични или различни со државите.

Средствата на масовно информирање – нивната улога станува се поголема и позначајна во создавањето и развојот на политичката култура и се почесто се нарекуваат “четврта власт”

Големо влијание во политичкиот живот и во создавањето на основните модели на политичко однесување, односно политичко спознание на граѓаните имаат општествените организации, црквата, разни образовни, но и недржавни институции, и други неполитички субјекти. На пример, семејството може да влијае врз политичката култура, со тоа што неговите постари членови можат на поинаков начин да ги толкуваат политичките состојби и процеси во однос на тоа како нив ги толкуваат државните институции. Врз политичката култура можат да влијаат и невладините организации, бидејќи имаат политички заложби,  како пример можеме да ја посочиме: еманципација на жената и нејзиното рамноправно вклучување во јавниот живот, итн. Во зависност од системот, училиштето од најрана возраст, преку разни предмети како што биле мајчиниот јазик, историјата, социологијата, но и преку посетата на разни манифестации, споменици, итн.  Значело да ги истакне, па дури и да ги велича вредностите на својот политички систем пред учениците, па иако влегуваат во неполитичките институции, сепак училиштата, особено државните, биле политизирани и на тој начин ја граделе политичката култура на своите ученици.

Во земјите каде што е развиена пазарната економија големо влијание има светот на бизнисот, односно деловната заедница. Академската структура со своето влијание е забележлива уште во етапата на подготвувањето на политичките кадри. По правило, интелегенцијата зема активно учество во политичкиот живот.

Значајна улога во создавањето на политичката култура игра и политичката симболика. Секој народ самиот си создава и почитува сопствени национални-државни симболи кои силно влијаат врз процесот на патриотското воспитување и самоидентификација на личноста со својата држава и нација. Па така химната, знамето, грбот и други симболи на државата кај секој поединец во едно општество создаваат и оставаат трајни впечатоци (Политички систем, 2010, стр.121).

## ПОЛИТИЧКА ФИЛОЗОФИЈА НА КОНЗЕРВАТИВИЗМОТ И ЛИБЕРАЛИЗМОТ

Во различни контексти самата идеја за правда означува многу нешта. Постојат два начина во теориска смисла за да се дојде до поимот правда:

- ✓ Првиот начин е неговото извлекување од традициите и обичаите на дадената човечка заедница – поимот за правда во таквиот случај се санкционира со јавното мислење на човечката заедница.
- ✓ Вториот начин при конституирање на овој поим е неговата дедукција од некој филозофски или етички систем на вредности.

Но треба да се напомене дека поимот за правда и во двата случаја има специфично иста функција: нејзиниот состав се состои во создавањето основи на општествениот консензус за основните вредности на кои општеството почива и понатаму од нив се извлекува легитимацијата на политичката власт во него. Во краен случај, значењето на оваа ориентација означува ограничување на апсолутната сувереност на народот и сведување на демократијата на институционализиран либерализам. Еднаквоста е

прифатена од либерализмот, според тоа: делумно човекот е еднаков со другите луѓе, а делумно не е еднаков со нив; човекот е еднаков по своите природни предиспозиции. Либерал претставува човек кој што верува во слободата, додека пак самиот збор либерализам етимолошки доаѓа од терминот “libertas” или слобода, тоа е збор кој потекнува уште од античкиот период. Слободата претставува нишката околу која, и за која се врзуваат сите дефиниции кои се однесуваат на либерализмот. Поимот либерализам, во најопшта смисла на зборот, се подразбира учење, доктрина или движење во кое основната цел е насочена кон воспоставување, односно заштита на човековите слободи и права и ослободување на човекот сеопшто од феудалните стеги и ограничувања. Односно, пред се, тоа е идеологија за слободите и правата на човекот и граѓанинот , како и за прогресот во сферата на благосостојбата, моралот и науката. Трите централни прашања, што се однесуваат на либерализмот се: границите на толеранцијата, легитимноста на социјалната држава и вредностите кои се однесуваат на демократијата. Многу често, либералите се прашуваат што им е заедничко меѓу себе кога самите граници се наоѓаат меѓу нив и социјалистите од една и конзервативците од друга страна. Најчесто либерализмот се дефинира како идеологија на буржоазијата, или поедноставно кажано, нејзина политичка филозофија што била прифатена во доцниот 18 и почеток на 19 век (Политикологија, 2009, стр. 278).

Либерализмот, како политичко движење се појавува во 1812 година во Шпанија со формирањето на Либералната партија, во Англија се појавува во периодот на обединувањето на виговците и либералите, во Франција итн. Верувањето на либералите било насочено кон независниот поединец чиишто потреби и интереси секогаш се наоѓаат пред интересите на заедницата. Двете клучни фази во историјата на либерализмот се политичките револуции во Франција и Америка. Непосредните историски корени на либерализмот ги

лоцираме во Англија во 17 век, кога со револуцијата од 1688 година, првпат во нејзината историја се поставиле границите на моќ на англиската монархија и бил цврсто втемелен принципот  на парламентарно владеење под принципот на владеење на правото и законите. Според едно тврдење, постојат два вида на либерализам:

- Едниот класичен, со своите цели е ограничен, внимателен во односот на својата метафизичка основа и политички по својата ориентација, и
- Вториот е "модерен", неограничен, невнимателен, по своите цели е глобален и претставува закана за достигнувањата на класичниот либерализам.

Поврзанос на класичниот либерализам има кај Џон Лок, Адам Смит, Алексис Д' Токвил и Фридрих Фон Хајек. Фокусот е насочен кон идејата на ограничена влада, одржувањето на владеењето на правото, одбегнување на арбитрарна и дискрециона моќ, светоста на приватната сопственост, слободно склучените договори и одговорности на индивидуите за нивните сопствени судбини. Тоа е доктрина, која се наоѓа во спротивност со социјалната држава, социјалните држави го нарушуваат начелото дека секоја индивидуа треба да се грижи за сопствената добробит и нивните тврдења често ги поткрепуваат со постигнувањата на општествената правда, за класичните либерали е идеал кој што има мало значење. За втемелувањето на либерализмот во Англија големо значење одиграла и Локовата филозофија и теоријата на природното право, според која секој поединец по природа на нештата има право на слобода од сите и од секого, а во таа смисла, и право на бунт против кралот кој го лишува од природното право на живот, слобода и сопственост. Конзервативизмот и неговите следбеници додека се обидувале да ги зајакнат темелите на традиционалното општество, либералите и нивната идеја - водач, целта им била да ги спроведат

реформските зафати презентирани од просветителите и Револуцијата, која е насочена кон ослободување на индивидуалниот дух на ослободување на секој поединец во општеството. Додека конзервативците се обидувале да ја изградат својата држава според мерилата на традицијата и наследната хиерархија, либералите пак се спротивставувале на застарените модели и трагаат по сопствениот идол на државата - модернизирана, ослободена од стегите на традицијата, со верба во систем кој ќе биде втемелен врз личниот квалитет на секој граѓанин и во неговата способност да раководи со сопствениот живот. Модерните приврзаници на класичниот либерализам сопствената обрана често ја засноваат на минималната влада на тоа што тие го определуваат како минимална морална основа. Постоењето на ова тврдење е уште од појавата на одбраната на "едноставниот систем на природна слобода" во делото на Адам Смит "Богатството на природата", се до Фон Хајек во денешно време. Дејвид Хјум бил поголем политички конзервативец од Адам Смит, но бил повеќе наклонет од Смит да се восхитува на "активниот марш на животот" кој е особено типичен за комерцијалното општество. Сомнежот на Д' Токвил се однесувал на тоа дека слободата би можела да преживее во отсуство на силно религиозно чувство, мислејќи дека самодовербата и самоконтролата, на кои им се восхитувал, не биле во својство на модерниот човек, а склоноста на Фон Хајек е да мисли дека политичкиот либерализам почива на културниот конзерватизам. Бранителите на класичниот конзерватизам мислеле дека тој бил загрозен од модерниот либерализам. Според нив, модерниот либерализам ги загрозувал амбициите и ограничувањата на класичниот либерализам. Дури и за своите критичари, модерниот либерализам е форма на либерализам, бидејќи неговата морална основа се раководи од премисите на слободата. На приврзаниците на либерализмот наспроти нивните ставови, се наоѓаат приврзаниците на конзерватизмот.

Единственото десно учење кое е застапено во идеологиите е конзерватизмот. За време на кризи, конзервативците правеле сојузи со партии кои биле водени од побрутални десни идеологии. Долготрајната политичка доктрина која ретко е претставена со една партија би требало да се идентификува како конзерватизам. Пред се, тоа е политичка доктрина на Бурк. Почетоците на конзерватизмот се наназад подалеку во англиската историја, барем до Хукер, а како целина во светот веројатно до Аристотел. Наваму од Бурк, конзерватизмот се јавува како континуирана традиција, која кулминира за сега, со Оакшот.

Традицијата на конзервативната мисла произлегува од три централни доктрини, кои се поврзани меѓусебно:

- ✓ Првата, како најзабележителна е традиционализмот кој го подржува континуитетот во политиката, одржувањето на постоечките институции и пракса, а кој се сомнева во промените, особена ако се работи за поголеми и ненадејни промени и најмногу на сите насилни и систематски револуционерни промени.
- ✓ Главната, повеќе интелектуална отколку емоционална подршка на традиционализмот, е скептичниот став кој е во врска со политичкото знаење. Политичката мудрост за конзервативците пред се, е содржана во наследната мрежа на воспоставените закони и институции.
- ✓ Третата централна доктрина на конзерватизмот почива врз политичкиот скептицизам, каде владее концепцијата дека луѓето и оштеството се внатрешно или органски поврзани.

Исто како што не е можно да се создаде научен систем за пишување на поезија или пак за пријателство, исто така не ни може да се создаде научен систем за политиката од кој би произлегла технологијата за

државништвото. Има два вида на десно ориентирани политички доктрини кои се разликуваат од конзервативизмот, но често, тие заедно се разгледуваат со него. Десна идеологија која заради својата драматична и деструктивна улога во историјата на 20 век, прва паѓа на ум е фашизмот. Таа е радикална, дури и револуционерна, која повикува на замена на постоечките институции и енормно зголемување на функциите на владата. Лидерите на фашизмот биле самоуки политички виртуози, од оддалечените маргини на вообичаениот политички живот. Според мислењето на Вебер, лидерот на фашистите имал харизматичен авторитет, додека пак авторитетот на конзервативниот владетел е традиционален. Одликата на политичкото искуство на 20 век бил авторитаријанизмот, иако бил помалку упадлив од фашизмот со кој се поврзува понекогаша, а понекогаш и му се спротивставува. Неговата највообичаена форма е воената диктатура, таков е случајот со Примо де Ривера во Шпанија и Пилсудски во Полска. Исто така, авторитарно владееле цивили, како Долфус и Салазар. Исто како фашизмот, и тој воспоставувал вонредни мерки, како и зададени правила кои согласно со традицијата се применувале.

Конзервативното, нема значење на неподвижно, постојано и апсолутно спротивставување на промените, иако може и да биде, но повторно до одредени граници.

Конзервативците, промените ги прифаќаат кога истите се неопходни заради промената на околностите, но тие инсистираат на тоа се со цел да се намали опасноста, но притоа промената мора да биде долготрајна и постепена. Конзервативното не значи и апсолутно, само во однос на општествената традиција која е апсолутна. Сомничавост или непријателско расположение на конзервативизмот се јавува кон

теориите. Идеологијата претставува еден вид на теорија. Па според тоа, конзервативизмот не би сакал да се смета како идеологија. Идеологијата во својата суштина подразбира, теорија. Токму тоа, ја претставува разликата помеѓу конзервативизмот и политичките препораки кои се обични, убедувањата или мислењата, дури и од систематските политички идеали или утопии. Централна теорија на конзервативизмот е систематизирана теорија за човековата природа и општеството која имплицира скептицизам кон теоријата за апстрактното политичко знаење. Залагањето на оваа теорија се однесува за врзување со традицијата, отпор кон промените и преферирање на политички владетели кои се искусни (Политикологија, 2009, стр. 283-285).

## ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА: РАМКА ЗА ИДНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Нашата концентрација треба да ја насочиме кон односот на политичката култура, кон политичката комуникација како организациона рамка за понатамошно истражување. За целта на ова истражување политичката култура може да се дефинира како "вредности, норми, верувања, чувства и разбирање за тоа како моќта и авторитетот функционираат во определен политички систем. Генерално, политичките култури ги поставуваат неформалните и непишаните основни правила за тоа како политичките процеси треба да бидат изведени" (Amin 2002) – тука може да дададеме, и како односите меѓу клучните актери треба да се одвиваат како и да се развиваат.

Како особено значаен за нашата цел поради неговиот сеопфатен карактер ќе го разгледуваме поимот за политичка култура. Тој креира рамка во која се одвива целата политичка комуникација. Во тој случај, таа е повеќефункционална, бидејќи може да се мисли дека ги олеснува и легитимизира постојните сили на политичката комуникација; користејќи стандарди според кои уредувањата кои постојат може да се критикуваат но може и да се прави притисок за нивна промена; и ограничувајќи ги предолжените промени кои се наоѓаат во рамките на ограничувањата на прифатливоста (тука може да се вклучуваат или исклучуваат некои кои се неприфатливи).

Како што компаративното истражување на комуникацијата може да се разгледува како подгрупа на компаративни истражувања за културата, исто така и компаративното истражување на политичката комуникација треба да се смета за испитување на политичките култури и нивното влијание врз политичката комуникација во различни општества.

Улогата на политичката култура во политичката комуникација до денес е многу малку истражена, но исто така и ретко била подложена на компаративно истражување.

За демонстрација на широкиот спектар на влијание на политичката култура, тука се напоменуваат неколку лица на политичката комуникација кои се под негово влијание и кои би можеле да обезбедат богати области за компаративно истражување.

- ✓ Енкодирање на политички пораки. Тука, културата е контекстот, рамка во која комуникацијата се одвива во сите форми. Клучот за разбирање на создавањето и енкодирањето на политичките пораки е политичката култура. Тоа и дава

облик на политичката реторика; општо познати симболи; барањата за поддршка; барањата за права и потреби; вклучувајќи го и начинот на врамување на политичките прашања и противречностите во вестите.

- ✓ Политичката култура и речникот на политиката. Од големо значење за компаративните анализи на политичката комуникација е начинот на којшто политичките култури ја ограничуваат употребата на јазикот и разновидноста на можните знаења кои се отелотворени во медиумските пораки. Јасно е, дека јазикот на политиката се разликува од едно општество до друго, но не само во однос на речникот, туку и во односот на значењата кои ги содржи. Речникот на демократската политика е различен од оној што е распределен во недемократските режими. Политичкиот речник се разликува дури и меѓу различните демократски општества, бидејќи тој е вкоренет во различни политички култури, историски наследства и традиции.
- ✓ Ограничувања при декодирањето на политичките пораки. На енкодирањето на политичките пораки двојник би било компаративното истражување на процесите на декодирањето. Како што политичките култури го дефинираат и обликуваат енкодирањето, исто на тој начин ги ограничуваат системите на тие значења кои тие што ги примаат пораките ги распределуваат се со една цел да ги толкуваат тие пораки. Со примената на тој пристап во односот на компаративните истражувања на публиката во различни општества, би било полесно за идентификувањето на сличностите и на разликите меѓу процесите на

декодирање кои преовладуваат меѓу публиката во различните држави и различните култуни средини.

- ✓ Политичката култура и културата на новинарството. Тоа е област за компаративна работа која се однесува на културата на новинарството во општества кои се различни. Тука се поставува прашањето: Како културата на новинарството е претставена во политичката култура во различни општества. Поради тоа што политичките култури можат да се разликуваат, тие исто така создаваат и варијации во културата на новинарството – или таа е релативно имуна на таквите влијанија? Врската помеѓу медиумските системи со политичките култури имплицира на културна специфичност, која ја попречува професионалната универзалност.
- ✓ Меѓусебни односи на медиумските и на политичките институции. Од компаративното истражување голем дел бил посветен на оваа област отколку на било која од другите кои се наведени, но најмалку внимание се посветува на културните влијанија кои се присутни и си ги менуваат овие односи во различни општества. Во 2001 година, Феч покажал одличен почеток во емпириското откривање и споредување на улогата и системските потекла на таквите влијанија во Соединетите Американски Држави и Германија.
- ✓ Реципрочните односи на граѓаните и на елитите. Граѓанството претставува пред се културолошки обременета идеја. Во својата основа е поврзано, пропишува како во едно општество, членовите би трбало да гледаат но и да учествуваат во своите политички институции. Идејата е богата, меѓу другото ги опфаќа ставовите кон политичката власт (пр. диференцијални или скептични); правото да се

учествува; да се биде слушнат; да се задоволат сопствените барања; сите степени на симпатизерство или неговата спротивност; чувствата на должност или ефикасност; па дури и ставовите кон вистинското место на разумот и чувствата во политиката. Неопходна е концепциска работа во голема мера се со цел да се развие идејата за политичка култура во една силна компаративна алатка.

## ПОЛИТИЧКИ ПОВИКУВАЊА НА КУЛТУРАТА

Денес, поимот култура, особено во земјите кои се настанати на територијата на поранешна Југославија, како една од главните референци на агресивниот етнички национализам е компромитиран. Таа на политиката на националниот егоизам, на националната доминација и исклучивост им служи за оправдување, легитимирање или прикривање. Па според тоа, со повикувањето на културата и во име на културата, во последните десетина години во поранешна Југославија доаѓа до правење повеќе зло отколку на добри и пофални нешта. Исто како оние кои се колнеле во културата се со цел да ја оправдаат омразата и војната за да бидат многу повеќе ефикасни од тие другите, кои преку повикување на културата и нејзините вредности се обидуваат, да се изборат за демократија, толеранција и мир.

Практиката на културата да се бараат аргументи за пропаганда на омразата и војната, за жал, не е ограничена само на нашето време и на нашиот простор. Во Европската фондација Моцарт, проспектот што го подготвила за еден собир кој се одржал во јуни во 1996 год. во Сараево, го пишува

следново: “Денес културата служи како претекст за исклучивост и нетолеранција. Во многу земји, вклучувајќи ги и европските, луѓето секој ден убиваат заради нивната културна различност”.

Паскал Брикнер, забележал дека, и за злосторствата на нацистите може да се каже дека, тие често се вршеле со повикување на културата.”Културата не одведе во гасни комори, говореа некои Евреи по војната. Во секој случај таа од тоа не ги спаси” (Bruckner 1992:130).

## ДИМЕНЗИИ НА ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА

Во оваа етапа, поимот за политичка култура е широк и отворен за различни толкувања.

Има одредени димензии според кои политичките култури се разликуваат. Тие вклучуваат “вреднување на политиката како таква” (Блумлер и Гуревитцх 1975), односно тоа е степенот до кој многу се вреднува политиката отколку што се обезвреднува; степенот до којшто различните политички култури го прифаќаат или даваат отпор на меѓунационалните или националистичките/етноцентрични цели (Blumer 1983).

Прво, мора да се структурира политичката култура пред да може да се расчлени на еден збир од димензии кои полето го прошируваат. Основа за таква рамка нуди структурата на системот за политичка комуникација.

Посочени се три подрачја на релативно плодносна димензионализација:

- ✓ Првото се однесува на правилата на различни политички култури за односот помеѓу медиумите и политичките системи.

- ✓ Второто е составено од нормите кои ги дефинираат улогите и функциите на медиумите за општеството.
- ✓ А третото се однесува на односот меѓу граѓаните и нивните политички системи.

За пример може да послужи, ако се земе клучната димензија за односот меѓу медиумите и политичкиот систем е континуитетот на независноста наспроти подреденоста (што, како и да е, може да вклучи многу помошни димензии).

Норми пропишуваат и политичките култури кои се однесуваат на функциите на медиумите во општеството. На пример, одредени култури може да очекуваат медиумите да ја извршуваат, во основа, суштинската/заштитничката функција, притоа откривајќи ја злоупотребата на моќта од страна на сите општествени институции; додека пак други можат да ја поддржуваат улогата на медиумите за градење нација, како на пример да одржуваат или да насочуваат општество во кое една идеализирана состојба и на тој начин да соработуваат со политичкото раководство, или елемети во кои, се сметаат себеси како предводници во потрагата за цели кои се соодветни.

Еден збир од димензии може да најде примена за различни ориентации во политичката култура кон односот на граѓаните кон владата. Некои од облиците можат да бидат дводимензионални како континиум со полови кои се позитивни и негативни на спротивните краеви. Едниот крај има улога да ги охрабри високите нивоа на политички ангажман меѓу граѓаните, додека другиот крај би вклучил отуѓување или апатија. Постојат различни видови на чувства, и тоа позитивни или негативни (пр. неангажираноста не секогаш е еднаква на рамнодушност).

За димензионирање, предожени се областите кои ги опфаќаат трите клучни елементи на еден систем за политичка комуникација, а тие се следниве:

- ✓ политички систем
- ✓ медиумски систем и
- ✓ граѓанство

## КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ КАКО ОСНОВА НА КУЛТУРНАТА ПОЛИТИКА

Особено јасно ни е дека современието повторно ги соочува општествените науки со флуидниот и комплексен дискурс, кој е поврзан со културниот идентитет, но не само од гледна точка на неговото промислување како концепт кој е апстрактен, туку, и како жив, незаобиколен и сложен антрополошки и општествен феномен. Некои од социолозите, како пример можеме да го посочиме Хантигтон, тој во културата ја препознава иднината на конфликтите, а не, да се рече, во политиката или во економијата. Со овој став, можеме да претпоставиме дека културата го определува човековото постоење сестрано и во таквиот контекст може да се препознае како најдраматичната причина за човечката акција. Вредносните системи со нивната иновативност и манипулативност кои базично ја определуваат културната структура, така, тие се препознаваат како генератори на смислата и ориентацијата во човековото постоење. Според тоа, хендикепот произлегува оттаму што означеното и означувачот кај културата имаат еден и ист извор: сложената и

поливалентната колективна меморија и практика на човекот, хиерархиски подредена и расната желба за надминување на јазолот помеѓу редот и хаосот, духовното и материјалното, конечноста и вечноста. Видливата тензија што така се создава од културата, кореспондира со нејзината основна функција на “репресивна теорија” (Херберт Маркузе): да се почитува посебноста на одделни егзистенционални системи, но само во оние рамки во кои тие се вклопуваат во општиот етаблиран систем. Овие рамковни целини ги претставуваат различните културни факти кои се излезени од различните животни искуствени контексти кои не водат директно кон самиот проблем на културниот идентитет, но да се разбере е невозможно, особено не без определувањето на културата. Во таа смисла, можеме да се повикаме на Рајмонд Вилијамс и неговиот обид да го воспостави во синтетичко аналитички облик критериумот за современото дефинирање на културата, притоа земајќи ги во предвид сите аспекти на нејзиното суштествување, како и сите димензии на нејзиното значење.

Ако ја проследиме мислата на Вилијамс, од неговите неколку еминентни дела (како што се: Културата, Клучни зборови, Култура и општество), согледливи се неколку категории на значења што ги констатирал во историскиот след на концептуализацијата на феноменот, а кои ги сметал како референтни за реалната природа на нејзиниот општествен хабитус, како процес на интелектуален развој, вклучувајќи го духовниот и естетскиот, со нивната општост, како начин на живот, кој е одбележан со заеднички дух споделен од еден народ или пак од припадниците на едно време; активноста на човекот од интелектуална, а посебно од уметничка провиненција и нејзините производи; како означувачки систем на разбирање на општествената

структура. Очигледна е тенденцијата културата да се претстави како од антрополошки така и од социолошки аспект, како во духовна така и во материјална димензија на нејзината природа, односно како тоталитет на животот што е во постојана референца со меѓучовечката комункација и нејзините постигнати резултати (како структури и институции).

Ставот на Дени Куш: "Не постојат, следствено, од една страна 'чисти' а од друга страна 'мешани' култури. Сите, според универзалниот факт на културните контакти, се со некој степен на различност мешани култури, создадени од континуитет и дисконтинуитет... Создавање склоност за разликување на културите, сметајќи ги како одделни ентитети, може да има методолошка полезност и имаше извесна хеуристичка вредност во историјата на етнологијата за промислување на културните разлики" (Denys Cuche, "La notion de culture dans les sciences sociales", La Decouverte, Paris,1996, p.66).

Со поблиската комуникација на културите, се разбира се поставени во внатрешноста на еден даден општествен контекст, но не може да се говори за дисконтинуитет помеѓу нив.

Идејата за различноста е токму онаа којашто е поврзана за културниот идентитет, сложен феномен и повеќезначаен колку и самата култура што на некој начин ја операционализира.

Отворено останува прашањето дали ваквата реактуелизација на културниот идентитет денес настанува како последица на: "губењето на здивот" на процесот на егзистирањето на нација-држава; протежирањето на концептот на наднационалната политика; и, некаква флуидна форма на отворањето на вратите кон економската, како и секоја друга глобализација. Разновидни идеолошки становишта

од неа се развиле, чии екстремни резултати од една страна ќе тргнат во правец на мултикултурализмот, а од друга страна во правец на нагласена потреба од заштита на посебностите и различностите заради останување во рамките на својата сопствена култура (Denys Cuche, 1996).

Културниот идентитет, во поширок контекс во кој, логично и консеквентно се вклопува, како негова најважна компонента, е општествениот идентитет. Општествениот идентитет на поединецот, под влијание на неговата разнородна интеракција настанат со своето поблиско и подалечно социјално опкружување претставува всушност прашање  на припадноста кон различни општествени групи и категории определени со: полот, возраста, класата, нацијата итн.

Општествениот идентитет не се однесува, само на поединците, туку и на општествените групи , притоа подредувајќи ги на одреден начин во општествениот систем. Во овој контекст, културниот идентитет, можеме да го согледаме како начин на категоризација во правец на “ние и тие”, базиран врз културните разлики. Поинаку кажано “културниот идентитет е самосвеста на припадниците на една група која историски настанува и се развива во зависност од критериумите кои таа група ги воспоставува во односите со другите општествени групи” (“Kulturna prava”, (група на автори), Beogradski centar za ljudska prava, Beograd 1999, str. 22).

За поцелосно да се разбере проблемот на културниот идентитет потребно е да се истражи функцијата на идентификаторот, односно релацијата помеѓу идентитетот и идентификаторот. Според Ирвинг Гофман културниот идентитет овозможува во контактот помеѓу општествените групи тие да се: самоодредуваат; да ги дефинираат

другите групи; и, да воспостават однос кон нив. ( E. Goffman, “Stigma: Notes of the Manegement of Spoiled Identiti”, Penguin, London, 1970).

Најчесто, културните идентификатори  се однесуваат на: јазикот, верувањата, обичаите, уметноста и воопшто на фактите кои што заокружуваат еден модел на вредносен систем.

Исто така, “идентификаторите претставуваат основа за настанувањето на стереотипи - поедноставени и вредносно обоени претстави - што општестевните групи ги воспоставуваат како за себе така и за дугите општествени групи” (“Културна Права”, 1999).

Фредерик Барт, смета дека, она што разделува две етно-културни групи, во основа, не е, културната различност, бидејќи еден колективитет може успешно да функционира во услови на културен плуралитет.

Тука, се доаѓа до основниот проблем, а тоа е проблемот на начинот и степенот на комуникацијата помеѓу културните идентитети, односно можна е супермација на еден во однос на друг или на други културни идентитети. Така, Џордан и Ведон констатираат: “Релативната доминација на разни групи врз некои други групи е делумно потпомогната и репродуцирана преку постапките и производите на културните институции. Тука ги имаме на ум јазикот, семејството, образовниот систем, медиумите, законите и религиозните организации” (Глен Џордан и Крис Ведон, “Културна политика”, Темплум, Скопје, 1999-2000).

На извесен начин, тука навлегуваме директно во подрачјето на културната политика и нејзината улога на репродукција на центрите на општествената моќ, бидејќи, “се во општествениот и културниот живот во основа е поврзано со моќта. Моќта е во центарот на

културната политика. Таа е интегрален дел на културата. Сите означувачки дејствија - односно сите практики што имаат некакво значење - вклучуваат и односи на моќ... Релациите на моќ, родени во некоја конкретна означувачка практика, можат да бидат во состојба на рамнотежа, но во нив најчесто има односи на доминација и субординација” (Џордан и Ведон, 1999-2000, стр. 23).

Основниот предизвик, со кој се соочуваат современите општества е демократскиот културен развој. Неговата манифестација е на различни начини во зависност од локалните, социјалните и политичките услови.

Кај општествата кои се во развој круцијалните прашања на идентитетот се поврзани со историјата, борбата за еманципација од колонизаторските култури, судир на системите на традиционалните вредности со оние на современието. Со слични, но и со наполно различни предизвици се соочуваат и развиените индустриски земји. Нивната културна политика е насочена кон демократизацијата на високата култура или надминување на јазолот помеѓу високата и популарната култура, создавањето или заштитата на вредностите на граѓанското општество.

Развојот и поддршката на идеологијата на една демократска културна политика, во таа смисла, тргнува од поставувањето на две цели:

- ✓ Да се поддржуваат средствата за културна продукција и нивното ширење;
- ✓ Да се поддржуваат средствата за културна партиципација.

Денес, светот се соочува со империјалната логика на големите сили, со културниот империјализам којшто ја унифицира, артифициентно ја хомогенизира и техницистички ја транспонира улогата на разнородните

културни идентитети , тешко е да се поверува во хипокризијата на логиката на политиката на културната демократија.

Сеуште, на историската сцена, се применува една неодминлива пракса на оној којшто е во позиција на сила да ги создава и наметнува основните механизми за утврдување на вредностите кои се содржани во културните идентитети и тоа, според принципот на хиерархијата.

## КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ И КУЛТУРНАТА ПОЛИТИКА КАКО ФАКТОР ЗА ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Во оваа расправа, целта е да се промисли и да се образложи духот на европското заедништво и тоа во еден отворен и критичен дијалог кој во себе ги вклучува сите дубиози и предизвиците и општествената логика на тој сложен процес.

Според митот за континентот, кој своето име го добил според една прекрасна нимфа - Европа, која била сплотена насилнички со боговите од кои произлегле доста водечки личности и народи на истото тло (односно на најдалечната јужна точка на ова географско подрачје) за нејзината судбина претставува парадигма. Приказната, која е доста сложена и цивилизациски богата ја ткаат: Платон, Аристотел, Галилео, Мор, Да Винчи, Шекспир, Бах, Волтер, Балзак, Пикасо, Малро, Сартр, Орвел, Еко и плејада на безброј научници и мислители чии траги ја постулирале интелектуалната “тврдина” на Европа.

Во фабулата на другото лице на Европа, настануваат нарациите и личностите кои некогаш со “меч” а понекогаш и со “хризантема” ја реализирале идејата за нејзината моќ, големина, обединување но и проширувањето на границите кои биле надвор од континентот, како такви се вбројуваат: Александар Македонски, Цезар, Колумбо, Наполеон, Моне, Шуман, Аденауер итн.

## ЕВРОПА ВО КОНТЕКСТ НА КУЛТУРНИТЕ ИДЕНТИТЕТИ И ПОЛИТИКИ

Вистинската загатка, интрига, предизвик но и богатство се сите оние кои се повеќе или помалку видливи но не и помалку важни елементи на целиот “галиматијас” од европски културни идентитети исткаени од длабоките традиции и постојаната, незапирлива продукција на нови културни вредности. За Европа, карактеристични се: Исус, Јехова, Мухамед, колку што се весталките, валкирите, Тор, Перун... Без легендите за кралот Артур, Европа би била сиромашна, но исто така и без приказните за Крали Марко. Големо богатство е македонскиот фолклор, на пример на народниот танц и музичкото творештво носат еден вид на естетика, а шпанското фламенго, португалското фадо, грчкото чифтетели, италијанската тарантела, како и полската мазурка се различни но воедно и разновидни експресии на битовиот дух што во себе носат специфична важност и убавина. Западот е препознатлив по својата динамика, рационалност, горделивост и со маниризам, а пак Истокот со својата бавност но и со горделивост, со патетика но и со меланхолија. Никогаш, Европа не би била тоа што е, доколку во целата разновидност и

контраверзност на различните идентитети не го согледа единството и неопходноста на овие опшштествени култури, кои се градени врз основа на историски и современи, посебни општествени системи, богати со безброј вредности, норми, симболи. Отсекогаш, определбите на концептот на културата предизвикувале расправа која се однесува на сложеноста и сеопфатноста на неговото значење и распонот на нејзините манифестни облици. Од овој сложен механизам на комуникација и креација сите вредности кои произлегуваат од него, се реализираат низ начинот на живот на човекот и понатаму него го пресоздаваат и го збогатуваат со нови содржини.

“Совршено е јасно дека современието повторно ги соочува општествените науки со флуидниот и комплексен дискурс поврзан со културниот идентитет, не само од гледна точка на неговото промислување како апстрактен концепт, туку, пред се, како жив, незаобиколен и сложен антрополошки и општествен феномен. Современата општествена теорија се однесува кон општествената пракса низ раскурсот на културата, легитимирајќи ги на тој начин основните симболички и комуникациски реалности и конструкции на човештвото поставено во расколот на нови, но и на историски наследени и до екстреми доведени контраверзи” (Петковска, А. “Културниот идентитет како основа на културната политика”, во: Група автори, Радио и телевизиските програми и културниот идентитет, 2001: 11).

Културниот идентитет, можеме да го сметаме како начин на категоризација во контекст на “ние” и “тие”, базиран врз културните разлики. Попрецизно, можеме да го третираме како “...самосвеста на припадниците на една група која историски настанува и се развива во зависност од критериумите кои таа група ги воспоставува во односите со другите општествени групи” (Група автори, 1999: 22).

На современиот свет, еден од основните проблеми е степенот и начинот на комуникација помеѓу културните идентитети, односно можноста за супермација на еден во однос на друг или на други културни идентитети.

Овие процеси се поврзани за феноменот на културната политика. Културната политика, според Џордан и Ведон, секогаш е поврзана со демонстрацијата на моќта, дури и тогаш кога навидум воспоставува рамнотежа помеѓу различните култури, во основа демонстрира односи на доминација и субординација.

Според авторите, таа е поставена пред решавање на следниве прашања: "Која култура треба да биде официјална, а која потчинета? Кои култури треба да се оценат како култури што заслужуваат да бидат изложени, а кои треба да се кријат? Која историја треба да се запомни, а која да се заборави? Кои слики на општествениот живот да се проектираат, а кои да се маргинализираат? Кои гласови да се слушаат а кои да се замолкнат? Кој кого претставува и врз која основа?" (Џордан, Г. И Ведон, К. 1999/2000).

Една операционална и неутрална определба на културната политика, може да се однесува на следново: сите мерки, средства и активности кои се неопходни за реализацијата на задачите и целите врзани за културата и нејзините основни ориентации.

Секоја културна политика за остварувањето на овие задачи содржи различни инструменти кои условно можат да се карактеризираат според:

- ✓ Природата на нивното делување и тоа на оние што влијаат на различни сфери на општествениот живот како економските, политичко-правните, организациските и вредносните идеи;
- ✓ Според правецот во кој делуваат - стимулативни и лимитирачки.

Социо-културните процеси и состојби, денес, укажуваат на фактот дека со негувањето на разновидноста и богатството на различните култури, плурализмот на животните и културните стилови означуваат неодминлива претпоставка на човекувањето.

Културната политика, која ќе успее во реализацијата на начин кој е речиси утописки на менаџирање со културните вредности и процеси, би можел да послужи како модел за пример. Принципи врз кои е граден односот кон културата доаѓа од процесот на европеизацијата, тоа се следниве: развојот на културниот идентитет (посебните идентитети, но и оној заедничкиот, европскиот); почитувањето на културната разновидност на Европа; поттикнување и поддржување на сите видови творештво; мотивирање за учество на граѓаните во културниот живот.

Освен Европската унија, има и многу други меѓународни организации (ОН, УНЕСКО, Совет на Европа), кои развија една широка лепеза од правни норми, конвенции и декларации за реализација на процесите.

Пресвртница во тој правец, претставува крајот на шеесеттите години, и го означува периодот на поинтензивна расправа за културата во рамките на ЕУ, под непосредно влијание на активностите на УНЕСКО и Советот на Европа. Свесноста на Европа дека треба да ја сочува својата културна разновидност и својата долга и плодна културна историја, односно заедничкото културно наследство се зголемува. Во 1974 година Европскиот парламент , како прв орган на Унијата ја донесува одлуката за “Заштита на европското културно наследство” а во 1979 година го формира Комитетот за културна политика.

Пресвртот кој настанува во делувањето на ЕУ е особено забележан со Договорот од Мастрихт (1992), кој во компетенциите вклучил мерки на Заедницата од областа на културната политика, притоа давајќи им

соодветна правна основа. Од тој период, па се до денес, ЕУ развила целосна мрежа на мерки и активности во правец на поттикнување на интеркултурната комуникација и тоа не само во рамките на Унијата, туку и воопшто во Европа, а ги стимулира и процесите на презентирање на културните специфики на европските земји и надвор од континентот.

Покрај правната регулатива и политичката поддршка, за реализацијата на овие цели ЕУ покренува и финансира низа проекти и програми (од 1984 година кога е одржан првиот состанок на министрите за култура на ЕУ) со кои ги поттикнува и охрабрува сите форми и модели на културна размена и промоција на културите на Европа ("Европската културна престолнина", 1984, "Kaledioscope", 1996-1999; "Ariane", 1997-1999; "Raphael", 1997-1999; Рамковната програма "Култура 2000", 2000-2004; "Телевизија без граници" и др.).

Како извор на подотоци, врз кои може да се потпира градењето на европската културна политика во поширок контекст и од оној на ЕУ е и напорот на меѓународната организација, Советот на Европа, почнувајќи од 80-тите години, да собере податоци за вреднување на националните културни политики преку развивање на обемна истражувачка програма.

На секоја современа, цивилизирана држава, очекувањата на владата, кога се зборува за културната политика е таа, што треба да овозможи: заштита на културниот идентитет и на културното наследство (а со тоа и заштитување на националниот идентитет и интегритет); вградување на културните вредности во образовниот процес (особено во доменот на општествените науки и хуманистиката); создавање на културна индустрија; размена на културни вредности помеѓу посебните култури во рамките на државата; размена на културни вредности со други држави и сл.

Констелациите на односи во културата и воопшто во општествениот систем претставуваат проблем за секоја држава, но проблемот се усложнува кога се работи за супранационални ентитети како што е оној на ЕУ.

Европскиот културен модел, како модел на социо-културна интеграција врз кој декларативно се темели и културната политика на ЕУ, пред се, подразбира почит за културата на секој народ, нивната интеракција но и негување на формите на соработка во кои различните европски култури би "учеле" една од друга.

Од заложбите за реализација на идеите и процесите, преку интенциите за хармонизација на филозофијата и технологијата на културните активности, легислативата во областа на културата и сл., се јавуваат, латентно или манифестно некои проблеми кои се сериозни. Согледливо е спроведувањето на еден доста перфиден "културен империјализам" од страна на европски култури кои се наоѓаат на повисоко рамниште од цивилизацискиот развој, односно некоја од западно европските земји.

Со проширувањето на ЕУ на Исток, се укажува дека и во својата најдемократска верзија културната политика на Европа, сеуште не е ослободена од принципот на доминација и субординација.

Како друг проблем, кој се јавува е оној што е врзан за "европоцентричноста" на идеологијата на ЕУ.

Жан – Мари Доменак, ќе каже дека: "Политичката Европа и културната Европа сега изгледаат затворени во маѓепсан круг: на првата и е потребна другата за да се афирмира, за да се стекне со постојаност и за да ги одреди своите цели; втората, лишена од отелотворување не успева да се демократизира и, препуштајќи и го теренот на американската масовна

култура, се повлекува во херметизам, историцизам и безначајност" (Domenak, Zan-Mari, 1991: 25).

## КОНТЕКСТ И ПАРАМЕТРИ НА КУЛТУРНАТА ПОЛИТИКА

Во последните 250 години, нема граница меѓу националните држави во Европа што останала непроменета. Европа не претставува само статистички збир од непроменливи бирократии, туку таа е еволуциски политички континент (Културна политика: краток водич, 2000, стр. 11).

Културата – во својата значајна смисла на заокружување на се она што го дефинира нашиот имиџ, или во својата појава како складиште на нашиот израз ја зајакнува тензијата за политичка и социјална промена.

Современата влада има за задача да го поттикнува јавното и приватно истражување на културата во сите нејзини форми и варијации, без да го користи како политичка погодност за поттикнување на поделбениот потенцијал на културата. Таа претставува корисна индустија. Се наоѓа во самото срце на хуманистичкото образование. Нејзината помош може да биде корисна во трансформацијата на популационите центри кои се пред опаѓање или изумирање, покренувајќи ги очекувањата на граѓаните и претворувајќи ја сликата на загубен пустош во слика на интерес и потенцијален просперитет. Но доколку ги нема културните алатки, задачата за подобрување на квалитетот на живот би била многу тешка.

Во културата, аспектите на уметноста и наследството претставуваат определување на околината. Културата, вклучувајќи ја и природата, своето

минато го користи како гориво за својата иднина. За да се одржи една силна култура, потребни се сеопфатна работа и искуство од страна на општеството. За ресурсите на културата, како и здравјето, но и образованието можат да бидат јама без дно. За да се направи се, никогаш нема да има доволно средства, но и честопати премалку за да се направи нешто навистина добро. Едно општество, една култура без тој погон и амбиција е стагнантно – и ниту еден политичар без разлика на бојата, не сака да раководи со период на стагнација.

Целта е ограничена на оние аспекти што вообичаено спаѓа во рамките на ресорите на министерствата и одделите за култура, или кои се признаени од други министерства како чисто културни аспекти на прашања во рамки на нивната надлежност. Се доаѓа до претпоставката дека, културната политика треба да биде утврдена во политичка рамка која е демократска, односно да биде заоснована на општество во кое оданочувањето повторно да се дистрибуира за јавното добро, каде што луѓето ќе задржат доволно од својот приход се со цел да направат повеќе од егзистенција и каде што владите се придржуваат кон меѓународните конвенции за човекови права, слобода на изразување, конзервација на наследството како и административна чесност. Сведоци се сите Европејци на необичните промени во текот на нивниот живот, без разлика дали тоа се уставни, економски или технолошки. Иако, честопати Европа е машина за иновирање, исто толку често ја карактеризира носталгија, сенка на тага бидејќи имало многу измени, односно дека многу од работите кои имале одредена вредност попатно се изгубиле. Иако сме свесни, дека сме дел од еден процес во кој можеме да допридонесеме да се оформи, но за кој никогаш не можеме да го имаме одлучувачкиот збор. За културата, како секогаш присутна се јавува тензијата меѓу минатото и сегашноста, а резултира во еден однос кој е чуден. Истовремено културата е депозитер

на европскиот идентитет, агент што потврдува голем дел од нашата политика и однесување и владина одговорност секогаш поставена ниско во професионалната и буџетската хиерархија. Кога културата би ја добила важноста што и ја даваат во многу владини говори, тогаш таа би имала соодветен буџет. За жал, културата има мал приоритет за повеќето современи влади (иако во минатото се сметала за втора веднаш по одбраната). Станува очевидно дека со трошењето за културното богатство на општеството претставува навреда за телесната благосостојба на граѓаните. Културата е тематски емотивна и својата виталност ја црпи од емотивниот товар што може да го генерира (Културна политика: краток водич, 2000, стр. 16).

Европските перцепции за културата се попречувани од религијата, особено варијантите од  Христијанството, иако многу луѓе во Европа би се сметале за световни суштински според нивниот надворешен изглед.

Римокатоличките општества имаат помали тешкотии во оправдувањето на културните изложби. Трошењето на владата за културата може да се смета како општествена услуга која е неоптоварена од топологијата, формулирана за некое друго време. Политичката историја самата го усложнува прашањето на државната поддршка за културниот сектор во Европа. Скоро во сите европски општества, актуелно е прашањето на политичкото мешање во уметничката и интелектуалната слобода. Уметноста која ја сметаме за нештетна (песните на Шуберт, на пример, или домашните цртежи на Вермаер) во свое време биле значително приспособување на состојбата статус кво. Промени бараат политичарите и уметниците. Политичарот, е тој што се обидува да го убеди населението дека има решение, а пак уметникот единствено е сигурен за самото прашање. Официјалната пригода колку е поголема и повисока, толку е поекстремно е прашањето на уметникот. Има разлика помеѓу директната

забава и уметност. Како резултат на тоа, кога уметникот се покорува на желбите на власта или сака да ја засили состојбата на статус кво - заради политичката увереност или страв од последиците – веројатно делото ќе ја нема довербата од поширокиот свет на културата. За власта се создаваат два проблема, едниот е практичен, а другиот е филозофски. Многу едноставен е практичниот проблем. Како таа може да ги зачува својот дигнитет и авторитет, да ја одржи почитта од граѓаните, кога е отворено предизвикана од оние што ги финансираа? Филозофскиот проблем е потежок. Како еден политичар може да брани некој уметник кој го вознемирува не само политичкото правоверје кое е создадено со големо внимание, туку и дефинициите за добар вкус, прифатливо однесување и соодветен говор?

Граѓанинот е тој што одлучува дали ќе ја прифати или пак ќе ја одбие понудата на уметникот, освен во случај кога законски граѓанинот нема доволно години за да се смета за одлучување, јавната власт треба да прифати дека нема никакво учество во тоа прашање (па дури и да станува збор за деца, авторитетот се препушта на родителите, а не на државата).

Во поранешните комунистички земји, строгите и нечовечки мерки што ги презема власта за да ги наметне своите ставови, направија многу од општествата да имаат недоверба кон секое вклучување на државата во поддршка на уметноста. Не постои реална алтернатива за државното финансирање и треба да се научат лекциите на двете страни, без разлика колку и да се болни.

Примерите на национално мешање во уметничката слобода значително опаднале во текот на 90-тите, но не само во земјите од поранешниот источен блок. Се продолжуваат примерите кога градските и локалните власти се закануваат дека ќе ја повлечат финансиската поддршка на

фестивалите и театрите бидејќи со содржината не се согласуваат локалните политичари.

На локално ниво, притисоците кои настануваат со насилнички чувства, кога границите ќе бидат прегазени, може да станат интезивни и тешки за локалните институции да може да ги игнорираат.

Правото на црно или бело на уметниците, да бидат колку што е потребно, поставено е наспроти желбата на граѓаните да го живеат својот живот невознемирувајќи се со глетки кои се сметаат како несоодветни. Тука се наоѓа и судирот меѓу двете наизглед неспорни групи на демократски права.

Најдоброто, за јавните власти е секогаш да не си дозволуваат да бидат доведени во улога на судија помеѓу разочараната јавност  и уметникот кој е определен. Ако делото се забрани, тоа ќе стане cause célèbre, што ќе го посетуваат многу повеќе луѓе отколку кога неговата шокантна вредност се апсорбира без никаков коментар.

Потреба од културни enfants terrible има современата уметност, кои повикуваат на внимание, оддадени на побуна и барање на повеќе средства отколку што може да се оправдаат со нивниот успех (со голема публика или критичка оцена). Тогаш, емотивната топлина се свртува против целокупниот систем за финансирање на културата, како секоја институција која се нафаќа да биде домаќин на презрената современа уметност да мора да биде одговорна поради асоцијацијата на расфрлање јавни средства во сите други области.

Голем дел од електоратот не одобрува, но секторот за култура обезбедува евтина цел за политичарите кои сакаат да бидат видени на страната на буржоаските вредности без да мора да донесуваат одлуки кои се тешки за буџетот во секторите кои носат голем ризик на срам.

Современата уметност во реалноста претставува само еден мал дел од културната политика. Таа не дозволува некоја култура да стане премногу зафатена со своето минато и со задоволување на публиката што копнее за познатото многу повеќе отколку за предизвикот.

За јавната политика, најважниот елемент е балансот, пронаоѓање на начин за стимулирање на возбудата, па дури и контроверзијата, а истовремено создавање на услови за живот, но пристојно истражување на материјалот што претставува културна меморија.

Вистинската историја на најголемиот дел од наследството е побогата и помалку погодна отколку што владите сметаат дека е соодветно. Покорисно би било, доколку наследството се презентира како ризница, раскош кој преживеал едно турбулентно минато и нуди референци за внес на енциклопедијата за културната свест.

Тест за добрата политика е балансот. Ризик создава преголемото нагласување на минатото, каде земјата е претворена во парк за културни теми, засекогаш воздигнувајќи ја прочистената и препакувана верзија на историјата со приближно иста автентичност и интегритет како во реконструкциите на гипсена плоча на Дизни во 1880-тите на ‘Main Street, USA’. Во современоста со преголем интерес, едноставно државата станува следбеник на модата, притоа игнорирајќи ги своите корени и следејќи ги новостите кои се минливи. Тоа, во одредена смисла претставува поголем злостор од двата, бидејќи ако наследството се уништи, тоа никогаш повторно не ќе може да се состави, додека пак недостигот од грижа за современите дела може само да остави празнина во записите - односно ќе се памти како период на неинспирирачка струја пред да се појави некој со поголема визија и енергија.

Некои се финансиски - исто како и во здравствените служби или армијата, во културата не може да се постигне ништо доколку нема пари - а другите се регулативни и филозофски. Тоа може да се смета како регулирање на културната околина.

Властите се тие кои можат да ја моделираат својата порака така што преку политиката да биде јасно дека политичкиот тон е урамнотежен и созреан, притоа потпирајќи се и ценејќи ги лекциите од минатото и истовремено величајќи ја енергијата на своето време, поставувајќи згради, уметнички настани и објекти кои демонстрираат дека сегашното време е способно за да придонесе за една успешна култура како и предходниците.

Од една урамнотежена политика, за да се постигне најдоброто, власта треба да исполни уште два критериума. Првиот критериум е флексибилноста. Во рамките на културната политика лесно е да се биде затворен со поддршка од неколку институции кои по кратко време повеќе се заинтересирани да преживејат во коорпоративна смисла, отколку да се реинвентираат себеси за да дојдат до соочување со новите предизвици. Културната политика мора да ја задржи способноста за одржување на организациите во рамките на нејзината сфера во една состојба на постојана еволуција.

Проблемот со културата, исто како со образованието и здравството, е тоа што разумниот одговор на повеќето прашања за неопходноста не е ‘или ... или’ туку ‘двете’.

Во областа на културата оние што се добри во работата секогаш ќе имаат нови идеи, ќе туркаат нанапред и секогаш ќе бидат исфрустрирани ако не најдат средства за финансирање на инцијативата.

Фиксна точка не постои, каде што се сретнуваат економските интереси на фискалната чесност и разумната грижа за културата. Интересно е да се

напомене дека, најдарежливите европски влади трошат близу 2%, а најштедливите дури до 0,3%.

Вреднувањето е состојката, освен адекватните средства, која го претвара збунувачкиот и беден сектор во еден среден и прогресивен. Со утврдувањето на целите, мониторингот на перформансите, надљудување на движењето на јавната перцепција, споредување со слични операции во странство, и дозволуваат на културната политика да биде формирана на начин што може да го приспособи како што ќе се појавуваат проблемите. Културната политика, на крајот е создадена за да му помогне на секторот за култура, колку што е можно покомплетно вршење на работата, а не да го ограничува поради уреденоста на владата.

Културата претставува најперсоналната грижа за една нација и едно од најобврзувачките меѓународни прашања. Секогаш најуспешна кога дише со својот посебен контекст и време, уметноста сепак е најголемиот амбасадор, способен да зборува преку границите на националноста, етницитетот, времето и основата, на начин на кој не може ниту една политичка програма. Ние, честопати себеси се гледаме низ очите на уметниците, без разлика дали тоа е некој современ филмски режисер или сликар од времето на ренесансата. Од овие три елементи - заемноста на културата, нејзината употреба како чесен пратеник и нејзиниот повик надвор од контекстот за универзална хуманост - културата станува се поважен дел од меѓународниот дијалог.

Станува очигледно дека меѓународните програми за безбедност и развој доколку не ја земат во предвид културата (во потесна или во поширока смисла на зборот) ќе бидат сериозно нарушени. Значителна активна културна суштина требе да имаат програмите на меѓународните агенции и меѓу владини институции.

Исто така, постои и заеднички меѓународен интерес во обезбедувањето нациите да ја негуваат сопствената култура. Само 10% од јазиците со кои светот влезе во 20-тиот век се активни сеуште.

Две групи, кои се појавуваат, се привлегирани на многу различни начини: оние со пристап и разбирање за една богата културна традиција, украсена со суптилен и антички јазик и начини на изразување кои немаат ништо заедничко со современата припадност, и оние со погодностите и експертизата да се движат без напор од една до друга култура на еден плиток тепих од меѓународно прифатливи карактеристики, олицетворенијата на заедничката мобилност.

## КУЛТУРАТА КАКО ПОСРЕДНИК ПОМЕЃУ ЖЕНАТА И ПОЛИТИКАТА

Основата врз која се градат и преку која се осмислуваат човечките односи се културниот идентитет, културните разлики и културните права. Оваа улога на културата е присутна во текот на целокупната историја на човештвото, бидејќи таа е токму тој дискурс во кој човекот е осведочен како субјект кој е креативен, притоа зафаќајќи се со предизвиците на егзистенцијата во сите нејзини аспекти. Како систем на вредности, културата ни помага да си го одредиме местото, улогата, задачите, правата и одговорностите кои се врзани за сопствениот живот и животот на другите. Според тоа, вредносните системи играат важна улога во она што е инхерентно на човековата природа (не биолошки, туку социолошки

дефинирана), без разлика дали станува збор за поединец или група, тоа е прашање на културниот идентитет.

Разбирливо е дека културниот идентитет (одредница на интегритетот) е од една страна, важен дел и на индивидуалната и на групната идентификација, а од друга страна дека е врзан за категоријата на основните човекови права, особено со културните права. Свеста за правата и за начинот на нивната реализација ги оневозможува (или ги армотизира) можностите за манипулација коишто доаѓаат најчесто од подрачјето на идеологијата, економијата и политиката.

Со овој вид на манипулации, современиот свет особено не соочува, тие се отелотворени во новопромовирани концепти коишто би требало да отворат и одредени процеси во рецентната историја на човештвото, како на пример: глобализација, мултикултурализам, демократија, универзализација на вредностите, информатичко општество итн.

Ефектите на маргинализација на општествените групи и поединци кои хиерархиски се наоѓаат на најниското скалило и вертикалната мобилност во општеството, се состојат во тоа да нивната моќ да не ја споделуваат, ниту пак да учествуваат во економскиот развој. Според тоа, глобализацијата и универзализацијата на вредностите претпоставува унификација и доминација; мултикултурализмот културната еднаквост што ја занемарува активната компонента на развиена комуникација и размена; демократијата идеолошка и политичка демагогија на легитимизацијата на спроведувањето на “право на посилниот”; а, информатичкото општество, нееднаквост произлезена од недостапноста до информацијата.

Отука, доаѓа до тоа да антиподите на богатсвото и сиромаштијата, моќта и немоќта што доаѓаат од нив се сведуваат на: етнички, расни, полови (родови) конфликти и противречности.

И жените во светот, ја споделуваат оваа состојба. Многу од жените живеат во беда, во повеќе современи општества нивната состојба е сеуште маргинализирана, и натаму тие се изложени на насилство, како физичко, така и структурално.

"Женскиот комплекс" не треба да се надополни со колонијалниот менталитет, информацискиот провинцијализам, комплексот на пониските класи, раси и етноси.

Од нејзиниот историски формиран идентитет произлегува интегритетот на жената, кој е подложен на сите општествени промени и противречности.

Жената, во својата антрополошка и социо-културна матрица, ги споделува човековите права во сите нивни манифестации: социјални, културни, граѓански итн. Жената, во име на социјалните, економските, политичките, граѓанските права, се појавува како припадник на социјалната класа, нација, политичка партија, верска заедница, невладина организација.

Од претпоставките, доаѓа до диференцирање на две точки на класификација на положбата на жената:

- ✓ Како поединец и граѓанин, жената се разликува според својот општествен статус (богатство, моќ, образование итн.)
- ✓ Според културните одредници жената се разликува, како внатре во една култура, така и во контекст на разликите меѓу посебните културни модели, поразлични од оние на кои културата им припаѓа.

Според тоа, насоките на дејствувањето на жената не можат да се движат на линијата на унификација на вредностите, според кои таа би го

дефинирала местото свое во општеството на кое му припаѓа и истовремено воопшто во светот.

Всушност, методологијата треба да биде сообразена со процесите на интеркултурализмот: рамноправно, толерантно и меѓузависно дејствување на различни, хетерогени културни матрици. Односот на политиката на тој начин се легитимира како кон средство коешто произлегува од хиерархиски поставена реалност општествена, и, со тоа, не секогаш единствена, соодветна и суштинска арена за борба. Од друга страна доаѓа до легитимирање на формата која спроведувањето го овозможува на сите родови права на жената, базирана е на цивилните вредности и кохерентна на институциите на цивилното општество , а тоа е граѓанската инцијатива (и непослушност).

На тој начин доаѓа до градење на нови "правила на играта", низ коишто секоја човечка потреба и вредност без оглед на разликите е еднакво важна, легитимна и операционална.

## ПОЛИТИЧКАТА КУЛТУРА НА ГРАЃАНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Кај нас, поимот "политичка култура" е релативно нов, земајќи го во предвид тоа што во предходниот систем, каде тој се карактеризира како "граѓански термин" и во целост е одбегнуван или пак е заменуван со поимот "идејна свест", "идеологија" и сл., кои не се идентични. За разлика од кај нас, во светот "политичката култура" терминолошката употреба широко навлегува во педесеттите години, подпомогнати од истражувањата

на Алмонд и Верба, иако нејзините компоненти имаат присуство уште одамна во научните расправии.

Во однос на дефинирањето на овој поим како најчеста грешка која се прави е во тоа што тој се сведува на “култура, во сфера на политиката”, што во никој случај не може да биде негова дефиниција.

Вообичаено, поимот култура се дефинира како “збир на сите материјални и духовни вредности (процеси, промени и творби) кои настанале како последица на материјалната и духовната интервенција на човекот во природата, општеството, мислењето”. Тука, пред се, се истакнуваат општите сознанија кои предходат и следат, но и целинаната на интелектуалните, моралните и материјалните аспекти на елементите кои определената цивилизација ја карактеризираат (Политичката култура на граѓаните во Република Македонија, 2001, стр. 5).

Културата го претставува спојот помеѓу општоопштественото и индивидуалното творештво во смисла на почесто споменуваното “автодидактичко творештво”. Наспроти промените, средината и сл., културата поседува и заштитна функција, потоа функција на осмислување и означување; на складирање и користење на информации; нормативна функција (внесување на ред, сигурност и организација во заедницата), како и многу други елементи.

Што се однесува на политичката култура, има голем број на дефиниции: почнувајќи од потесните, според кои таа е - “посебно организиран модел на однесување кон политичките објекти”, па се до пошироките кои ја определуваат како целокупност на комуникација на поединецот со политичкиот живот. Тука, политичката култура тргнува од определбата како конзистентен збир на политичките вредности, ставови и модели на однесување и ориентација кон политичките појави и процеси. Определбата

на политичката култура е и како категорија која има влијание врз политичките  институции и нивниот перформанс, но и врз политичкото однесувањето на елитите во општеството и сите други социјални групи.

Самото истражување на политичката култура претставува многу сложена задача и самите автори кои се вклучени во проектот, се свесни дека со испитувањето на граѓанските ставови преку анкетното испитување состојбата не може целосно да се утврди.

Истражувањата во рамките на флуидното општествено-политичко милје на Република Македонија може да се утврдат преку директните и индиректните триења и превирања на моменталните водечки политички фактори во државата. Во одредени моменти, факт е дека размислувањата и ставовите на граѓаните појасно и подиректно се одразуваат врз однесувањето на овие политички субјекти, но понекогаш воочлива е и дискрепанца, која ако дојде во случај да се одржува како линија на дејствување за подолг временски период, многу јасно се одразува не само на општо ниво - во граѓанските ставови, туку и конкретно во изборното расположение.

Политичката култура е таа што придонесува да се измери и да се насети стабилноста или нестабилноста на една држава, но исто така идните можни жаришта на противречности и конфликти, што претставува уште еден дополнителен мотив за да се иницира ваков проект.

Постоењето на политичките субкултури е едно од најзначајните прашања. Ова прашање е од големо значење за Република Македонија, бидејќи кај нас постои голема хетерогеност во однос на структурата на населението (етничка, верска, социјална...). Ефикасноста на политичкиот систем директно зависи од усогласеноста или дивергентноста на постоечките субкултури. Во нашата земја, општествените промени се тие кои, креираат

нови можности за анализирање на содејството меѓу културните принципи и институционалните решенија кои се избираат.

Од големо значење е политичката кулура да се набљудува како продолжение на други шеми на социјални релации и различни нивоа на "граѓанска инклузија" во системот, што е можно во извесна мерка со анализа на ставовите на граѓаните како рефлексија на политичката пракса.

Во текот на 1998/99 година беше реализиран проектот "Политичката култура на граѓаните на Република Македонија". Во 1999 година беше спроведен емпирискиот дел: во април пилот анкетата, а во мај анкетното истражување (Политичка култура на граѓаните во Република Македонија, 2001, стр. 8-9).

Спроведувањето на анкетата врз репрезентативен примерок за целава Република и тоа во сите изборни единици. Од добиените резултати, структурата на испитаниците е следна:

| Пол | | |
|---|---|---|
| мажи | 768 | 49,61% |
| жени | 780 | 50,38% |
| Вкупно | 1548 | 100.00% |

| Возраст | | |
|---|---|---|
| 18-29 г. | 337 | 21,77% |
| 30-39 г. | 392 | 25,32% |
| 40-49 г. | 382 | 24,68% |

| | | |
|---|---|---|
| 50-59 г. | 268 | 17,31% |
| Над 60 г. | 169 | 10,92% |
| Вкупно | 1548 | 100.00% |

| Националност | | |
|---|---|---|
| Македонци | 1071 | 69,19% |
| Албанци | 353 | 22,80% |
| Турци | 52 | 3,36% |
| Роми | 13 | 0,84% |
| Власи | 25 | 1,61% |
| Срби | 4 | 0,26% |
| Друго | 27 | 1,74% |
| Не се изјасниле | 3 | 0,19% |
| Вкупно | 1548 | 100,00% |

| Место на живеење | | |
|---|---|---|
| село | 607 | 39,21% |
| град | 941 | 60,79% |
| Вкупно | 1548 | 100,00% |

## ПОЛИТИЧКИ ЦЕЛИ НА КУЛТУРНАТА ПОЛИТИКА

Ако единствената политичка цел од културната политика е да се одржи заедно општеството наспроти претрпените стресови, постојат и многу други. Некои од нив, претставуваат цели за кои културата е еден од многуте соодветни инструменти. Другите претставуваат цели кои целосно се придржуваат кон донесувањето на културата. Постои една фундаментална цел која треба да се раководи со односите помеѓу културниот сектор и властите. Потребно за политиката е да се утврди рамка. Нејзините механизми да се изострат. Нејзините намери да се разјаснат. Средствата кои се потребни да се обезбедат. Настрана треба да стои владата и да ја остави културната заедница – професионална или аматерска – со работата да продолжи за стимулирање и збогатување на културата.

Исто така за Европа постојат поопшти цели, кои ја поврзуваат културната политика во поширокиот политички и социјален контекст. Во Европа не постои лице чии членови на семејството, кои само во неколку генерации, не склучиле брак помеѓу себе, кои мигрирале или пак имале искуство во некое друго место. Видлив е постојаниот развој на културниот контекст. Се шират и собираат јазиците по замисла на тие што ги користат, иако се прават жестоки официјални напори се со цел да ги одржат под контрола, да се отстранат или пак повторно да се измислат. Од витално значење е да се зачуваат античките јазици во Европа не само за тоа што со тоа се изразува националната свест - иако во повеќето случаи јазиците се зборувале многу порано пред политичкиот поим за patria да стане познат – туку затоа што тие го претставуваат богатството на европската мисла и изразување. Особено значајно е дека јазичното богатство не е ограничено

на националните јазици кои се наоѓаат во рамките на националните граници. Методот со кој јазиците се збогатуваат е увозот на зборови. Според тоа, негувањето на јазичната различност не значи ослабување на националното единство, туку да се инвестира во енергично живата култура.

Исполнувањето на националниот потенцијал не е само со ограничување на јазиците туку со обезбедување на што е можно повеќе од јазиците кои се зборуваат на територијата да станат уште појаки. При растењето децата кои зборуваат повеќе од еден јазик покажуваат почесто екстра агилност во мислењето и во самодовербата во други теми (истото важи и за оние кои што учат да свират на музички инструмент).

Главната цел на културната политика е - исполнување на потенцијалот - или попрецизно, помагање на поединците да го исполнат сопствениот потенцијал. Сето тоа е со цел поединечниот (а со тоа и националниот) потенцијал може да биде исполнет дека слободата на изразување, демократската одговорност и преносниот процес на одлучување се од постојана важност. Тоа е обезбедување можност на луѓето да дадат свој придонес, оспособување, не само за нивната добросостојба туку и за културното и материјалното богатство на светот.

Шифра стана зборот пристап кој што покрива еден спектар од областа на политиката кој е потребен за да се овозможи контакт меѓу луѓето и нивната култура. Тука припаѓа и социјалниот пристап – обезбедување на информации на начин кој за луѓето е прифатлив но и лесен за да се употребува, обезбедување со кое цената на билетот да биде доволно ниска со цел да му се овозможи на секој да може да присуствува, собирање заради посета на уметнички настани за да се изведе на посебен и на атрактивен начин, без притоа да биде снобовско или застрашувачко. Дел

од оваа должност му припаѓа и на образовниот систем. Изведбата се одвива со еднаква ефикасност со полесни потези преку радиодифузијата, библиотеките, архивите и новите технологии. Особено витални се библиотеките каде што луѓето немаат пари за книги, магазини и компакт-дискови. Библиотеката може да стане средиште на љубопитниот живот на граѓанинот, притоа обезбедувајќи поинаков пат кон знаењето каков што не може да понуди ниту една приватна полица за книги. Врз властите се врши голем притисок да дозволат на комерцијалните радиодифузни претпријатија неограничен опсег во емитување на програмите, исто како што има притисок и во многу други земји од рекламните агенции да емитуваат програми кои носат предвидлив број на публика.

Со обезбедувањето на високо квалитетна телевизија и радио се зголемува и можноста да биде следено од поголем број на луѓе. Во програмите се вклучени и се одвојува посебно место за поезијата и драмата, класичната музика и танцот, операта и уметноста. Особено важно е појавувањето на уметниците во етерот бидејќи а тој начин ги запознава луѓето со нив и со тоа ја зголемува веројатноста дека публиката ќе биде присутна на настаните кои ќе бидат организирани во живо. Културата не претставува пасивна разонада. Туку таа е активен интерес и вклученост. Својот сопствен културен потенцијал оние што го истражуваат воедно обезбедуваат и најинформирана публика за професионалците. Паралелно со постигнатиот аматеризам во европскиот културен живот секогаш оди професионализмот.

Еден од најбројните примери се композиторите – Бородин (професор по хемија), Чарлс Ивес (брокер за осигурување), Фредерик Велики (Крал на Прусија) – а поетите и драматурзите на војната не заостануваат зад нив.

Дури ако се оди на пониско ниво, аматерските хорски традиции во Унгарија, Холандија и Британија, музичките групи, милјоните луѓе кои сликале од задоволство, а не за пари, спаѓаат во културни ресурси со голема вредност.

Поврзаноста меѓу културата и малата индустрија треба да ја има во предвид културната политика, која не само што има значаен придонес за вработеноста и напредокот, туку и обезбедува дистинктивност и виталност за локалните култури.

Тапетот на културата е на повеќе начини од голема важност, одржувајќи ги луѓето во допир со нивното наследство и искористувајќи ја нивната сопствена креативност што е можно повеќе во рамките на кој било економски контекст за кој се способни да работат.

За групите кои се наоѓаат во положба која е неповолна, тоа им нуди самодоверба и гордост, и што е исто така важно, простор за дишење што им овозможува демострирање на нивниот талент, овозможувајќи влез во главните текови на економијата.

Често занаетите се тие што претставуваат едни од наједноставните и најефикасните начини за негување на дијалогот меѓу заедниците кои се едни кон други претпазливи.

Подобро е понекогаш сите да се преправаат дека живеат среќно во еден парк со културни теми, произведувајќи чудни предмети и пеејќи ги нивните традиционални песни.

Луѓето додека се наградуваат со љубопитноста и интересот на луѓето кои се однадвор, тие немаат желба да бидат сфатени како култура на разгледници, не е зачувана од желбата за промовирање на богатството на

општеството, туку како оправдување за исклучување на пожелните малцинства без притоа да изгледа нелиберално или нехумано.

Од една страна, од особена важност е на малцинските култури да им се даде помошта која им е потребна за преживување. Од друга страна пак, не е доволно културите да се одржуваат постојано ако постои ризик да станат гето наместо да станат прибежиште.

На малцинствата во една земја која не се разликува од оние во мнозинската заедница мора да има сообраќај меѓу различните културни компоненти. Во минатиот век, цели региони и големи нации станале музеи, живи рајски култури кои се чистени и одржувани заради туристичката трговија.

Потпалени од некое фунадаменталистичко сфаќање (често погрешно) за нивната сопствена култура, истите традиции кои обезбедуваат континуитет и имаат вредност да станат симболи за одреден идентитет кој е поттикнат од политички и од културни цели.

Од искуствата на многу африкански држави, на стариот Советски Сојуз и Југославија покажуваат што можело да се случи во еден современ контекст. Репресираните култури под некој империјален систем на ограничување стануваат јадро на националноста.

Откако ќе се воспостави националноста, државата која е новоизведена ќе се однесува еднакво ноторно кон оние кои што станале самите дел од некое малцинство во новиот поредок, исто како што претходниот режим се однесувал кон нив.

Често пати, поединостите од културата сепак се сиптоми за поширока состојба на работите. Културата што е зачувана, но притоа не може повеќе да се прикажува и да расте, може да биде во невоља. Културите кои се

здрави ги прифаќаат новите информации и потоа ги приспособуваат во своја корист. Тие не седат мирни и пред притисоците од другите култури кои имаат моќ и пари на своја страна, не се повлекуваат.

Самата по себе, добрата културна политика нема да обезбеди поврзаност и просперитет на нацијата. Но, без добрата културна политика, за многу од останатите политички цели на владата ќе биде потешко, а понекогаш и не е може да се постигнат. Единствено, моделот кој ќе успее е оној што ќе дозволи најголем степен на самоопределување, величање на аспирациите кои се индивидуални, и што обезбедува одредена смисла за економска и културна безбедност во мера која е подеднаква (Културна политика: краток водич, 2000, стр. 57-67).

# ЗАКЛУЧОК:

Оваа тема иако претставува многу сложен процес за елаборирање и истражување но сепак е значајна за истражување, бидејќи е свртена кон проучување на субјективниот контекст на политиката, политичката култура и културната политика.

Истражувањето на овој магистерски труд има теоретски пристап, односно прво се поставува поимот кој ќе се истражува, а потоа ќе следи неговото образложување, за на крај да се презентираат постојните теории.

Ќе бидат истакнати повеќе интересни идеи и мисли уште од античките мислители, но ќе има и такви кои ќе се однесуваат на политичката култура а ги сретнуваме кај многу научници, кои се надвор од сферата на политикологијата и правнополитичките науки.

Неопходно е поимот политичка култура да се разгледува и како дел од општонационалната култура.

Карактерот на ова истражување е историски, дескриптивен и експликативен.

Истражувањето ќе се заоснова на анализа на предходни истражувања.

РАБОТНА БИБЛИОГРАФИЈА


- Ацески, Илија. Социологија: -3. Изд. –Скопје; Филозофски Факултет: 2002.
- Бауман, Герд. Мултикултурната загатка : реобмислување на националниот, етничкиот и религиозниот идентитет / [превод од англиски Слаѓана Стефановска, Христина Шеќероска]. – Скопје : ТРИ, 2009.
- Ципелиус, Рајнхолд. Филозофија на право: студентска книга / Reinhold Zippelius. – Скопје : Арс ламина, 2011.
- Erik, Vajc. Politicka Filozofija. Recenzent : Simon Simonovic. Tehnicki urednik : Zarko Rosulj. Korice : Gorica Stamenkovic. Korektor : Liljana Kancevic. Izdaje : Nolit, Beograd, Terazije 27. Glavni i odgovorni urednik : Milos Stambolic, Stampa : Slobodan Jovic, Beograd, Stojana Protica 52. 1982 godina.
- Френк Есер, Барбара Феч. Споредување на политичката комуникација : теории, случаи и предизвици; [превод од англиски јазик Сања Младеновска]. – Скопје : Академски печат, 2009.
- Гирц, Клифорд. Толкување на културите : одбрани есеи; [превод од англиски Ѓулнихал Исмаил], - Скопје : Магор, 2007.
- Haim, Pereleman. Pravo, moral I filozofija; Recenzent : Simon Simonovic, Tehnicki urednik : Gorica Stamenkovic; Korice : Gorica Stamenkovic, Korektor : Dobrila Zivanov, Izdaje : Nolit, Beograd, Terazije. 27/2 Glavni I odgovorni urednik : Milos Stambolic. Stampa: GRO KULTURA, OOUR
- Јовановски, Коле. Филозофска антропологија; - Куманово: Марида, 2000.

- Манди, Сајмон. Културна политика : краток водич; [превод Даниела Брајковска]. – Скопје : Фондација Институт отворено општество – Македонија, 2000.
- Манев, Методи. Културологија: учебник за студентите на МСИ, г. Москва филијала Македонија. – Свети Николе : Меѓународен славјански инстиут “Г.Р. Державин”. 2007.
- Митревска, Јагода. Политикологија / - Свети Николе : Меѓународен Славјански Институт г. Москва, Филијала Македонија, 2009.
- Науновски, Тони. Помеѓу филозофското и политичкото / - Скопје: “Ѓурѓа”, 1996 (Скопје: Перфекта).
- Пауноска, Анета. Природата и културата во ерата на друштвените мрежи / - Скопје: Блесок, 2017. - (Едиција Индра).
- Петковска, Антоанела. Есеи од социологијата на културата; - Скопје: Аз-Буки, 2009. – (Библиотека Филозофија; кн. 52)
- Политички систем / збирка на трудови, 2010
- Подунавац, Милан. Политичка култура и политички односи; Радничка штампа, Београд
- Рамоне, Игнасио. Тивки пропаганди : масите, телевизијата, филмот; (превод од француски Ирина Панова, Маја Казанџиева), - Скопје : Алеф, 2004. – (Едиција Контакт)
- Rod Hague, Martin Harrop, Shaun Breslin: “Comparative Government and Politics”, Macmillian Press, London, 1998.
- Симоска, Емилија. Политичката култура на граѓаните во Република Македонија / Емилија Симоска, Наташа Габер, Климе Бабунски. – Скопје : Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, 2001. граф. приказ, табели;
- STAMPARIJA KULTURA, BEOGRAD, MAKEDONSKA 4. 1983.

- Вилијамс, Рејмонд. Културата: [превод од англиски Жарко Трајаноски]. – Скопје: Култура, 1996. (Библиотека Идеи)
- Виктор, Рудоментоф. Македонското прашање : култура, историографија, политика; [превод Невенка Митровска], - Скопје : Евро-Балкан Пресс, 2003.
- Чоловиќ, Иван. Балканот – терор на културата;[превод од српски Љупка Христова - Башевска]. – Скопје : Слово, 2012. – (Библиотека Logos)
- Џордан, Глен. Културна политика : класа, род, раса и постмодерниот свет / [превод од англиски Драган Јакимовски]. – Скопје: Темплум, 1999.